’10

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО 2010 ГОДИНА

# ANNUAL REPORT

## ON THE ACTIVITIES OF THE CUSTOMS ADMINISTRATION - 2010

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО 2010 ГОДИНА

**ПОДГОТВУВА И ИЗДАВА**
ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**КОРИЦА**
ЗОРАН ЕФРЕМОВ

**ПОГОТОВКА И ПЕЧАТ:**
ЕВРОПА 92 - КОЧАНИ

**ТИРАЖ**
100

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** ..... 5

**I. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ТРАНСПОРТОТ И ТРГОВИЈАТА** ..... 6

1. Пристапување кон заедничкиот транзитен систем и членство во ЕУ ..... 6
    - Поддршка од ИПА фондовите на Европската Комисија ..... 6
    - Законодавство ..... 6
    - Поврзување и интероперабилност со информатичките системи на ЕУ ..... 7
2. Царински и даночни олеснувања ..... 7
3. Поедноставување и забрзување на царински и даночни постапки ..... 8
    - Правна рамка ..... 8
    - Е_Царина ..... 9
    - Интернет портал за електронско поднесување на барања до Царинската управа ..... 9
4. Акцизи ..... 11
5. Царински одобренија и лиценци ..... 11
6. Обем на работа ..... 12

**II. КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ** ..... 13

7. Натамошно јакнење на капацитетот за анализа на ризик ..... 13
8. Натамошно јакнење на капацитетот за вршење царинска контрола и истраги ..... 14
9. Царинската лабораторија ..... 15
10. Резултати од царинскиот надзор и контрола ..... 15
    - Спречен шверц и привремено задржана стока ..... 15
    - Спречена нелегална трговија со наркотици и психотропни материи ..... 18
    - Нелегален пренос на готови пари ..... 18
    - Спречување илегална емиграција ..... 18
    - Откриено зголемено ниво на јонизирачко зрачење ..... 18
    - Меѓународни операции ..... 18
11. Заштита на права од интелектуална сопственост ..... 19
    - Резултати ..... 19
12. Контроли и истраги ..... 20
    - Контрола на трговски друштва ..... 20
    - Проверка на царински документи ..... 21
    - Царински прекршоци ..... 21
    - Кривични дела ..... 21
13. Наплатени увозни давачки ..... 21
    - Царини и царински давачки ..... 21
    - Наплатени приходи од ДДВ ..... 22
    - Наплатени приходи од акцизи ..... 23

**III. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** ..... 24

14. Унапредување на системот за управување со човечките ресурси ..... 24
15. Тренинг и унапредување на стручните способности ..... 24

Реализирана Програмата за обуки во Царинската управа 2010 ... 25
Обуки преку програмата TAIEX на Европската Комисија ... 26
16. Интегритет и борба против корупцијата ... 26
Системска поддршка ... 26
Најдобра царинска испостава ... 26
Синдикални активности ... 26
17. Сузбивање на злоупотребата на службена должност и судирот на интереси ... 27
Внатрешни инспекции ... 27
Внатрешни истраги ... 27
Дисциплински постапки ... 28
Кривични пријави ... 28
**IV. АДМИНИСТРАТИВНИ ПОСТАПКИ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА** ... 29
18. Административни постапки и процедури ... 29
Воведен Електронски систем за управување со документи - EDMS ... 29
Уредена работата со печатите и штембилите ... 30
Уреден начинот на подготовка на интерни акти ... 30
Уреден начинот на наплата на административни такси ... 30
19. Безбедност и заштита ... 30
20. Зголемување на ефикасноста во управувањето со финансиските ресурси ... 30
Уредено финансиско и материјално работење со заокружување на информатичката поддршка ... 30
Натамошно надградување на системот за контрола на трошоците ... 31
Натамошно надградување на системот за контрола на приходите ... 31
Сметководствена евиденција ... 31
21. Зголемување на ефикасноста во управувањето со нефинансиските ресурси ... 31
Изградба на граничниот премин Блаце (македонско-косовска граница) ... 32
Склучен Договор за соработка помеѓу Царинската управа и аеродромскиот оператор ТАВ Македонија ... 32
**V. МЕЃУНАРОДНА И МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА** ... 33
22. Во Охрид е одржана годишна конференција за 2010 година на Европскиот регион на СЦО ... 33
23. Во Скопје одржан вториот состанок на Регионалните тренинг центри (РТЦ) на СЦО – Европски регион ... 33
24. Меѓународна билатерална соработката ... 34
25. Меѓународна мултилатерална соработка ... 35
26. Соработка со бизнис заедницата ... 35
27. Донаторски координативни состаноци ... 36
28. Летни пракси за студентите ... 36
**VI. ТРАНСПАРЕНТНОСТ** ... 37
29. Интернет страница на Царинската управа ... 37
30. Отворена царинска телефонска линија 197 ... 38
31. Претставки и предлози ... 38

# ВОВЕД

Како и другите царински служби во светот, Царинската управа на Република Македонија е задолжена да ги штити финансиските интереси на Република Македонија, сигурноста, здравјето и животот на граѓаните, да ги поддржува економските активности и да ги штити од нелојална конкуренција, како и да придонесува кон зголемување на нивото на конкурентност на македонската економија со примена на модерни работни методи, поддржани од лесно пристапна електронска царинска средина.

Во извршувањето на задачите и должностите поврзани со контролата на границите и обезбедувањето на сигурност во синџирот на снабдување, Царинската управа се стреми да ја применува Рамката на стандарди за олеснување и обезбедување на меѓународната трговија на Светската царинска организација, како и Царинските блупринти на Европската Комисија.

Своите обврски и работни задачи Царинската управа ги извршува во Цантралната управа и во 5 регионални Царинарници. Во Царинската управа има вкупно 1144 вработени. Во Централната управа работата е организирана во 7 сектори (Сектор за контрола и истраги, Сектор за Царински систем, Сектор за професионална одговорност, Сектор за информациски и комуникациски технологии, Сектор за управување со човечки ресурси, Сектор за сметководство и финансии и Сектор за административни и технички работи) и 4 независни одделениеја (Одделение за внатрешна ревизија, Одделение за прекршоци, Одделение за управна постапка и застапување пред судовите и Одделение за меѓународна соработка, евроинтеграција и проекти). Центри на регионалните царинарници се Скопје, Куманово, Штип, Гевгелија и Битола. Во рамки на царинарниците се организирани царински испостави (19 гранични и 23 внатрешни царински испостави) и 5 служби за надзор на иматели на одобренија (по една во секоја царинарница).

Царинската управа, како царинска служба на земја кандидат за членство во ЕУ има исти цели и вредности со царинските служби на земјите членки на ЕУ кои произлегуваат од *Acquis Comminitaire*. Активностите за зголемување на административниот капацитет за имплементирање на царинското законодавство и подготовка на државата за членство во ЕУ се постојан дел од работата на Царинската управа. Царинската управа и во 2010 година интензивно работеше на усвојување *Acquis Comminitaire*, за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ и за градење на капацитетите за ефикасна контрола на границите.

# I. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ТРАНСПОРТОТ И ТРГОВИЈАТА

Царинската управа перманентно работи на подготовка и имплементација на системски решенија за натамошно олеснување и забрзување на транспортот и тровијата. Во 2010 година напорите на Царинската управа беа насочени кон натамошно усогласување со барањата во областа на царината за пристапување кон конвенциите за заеднички транзит и членство во ЕУ, анализирање на тековната состојба и непосредна комуникација со бизнис заедницата за утврдување на можностите за натамошно поедноставување на увозните и извозните постапки, намалување на трошоците на економските оператори, посебно со примена на современи информатички алатки.

## 1. ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЗАЕДНИЧКИОТ ТРАНЗИТЕН СИСТЕМ И ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ

Основни услови кои Република Македонија мора да ги обезбеди за да може да започне постапка за пристапување кон заедничкиот транзитен систем и за членство во ЕУ, се хармонизирање на националното законодавство со Конвенцијата за заеднички транзит на ЕУ и поврзување со царинските информатички системи на ЕУ. Во 2010 година се продолжи со хармонизација на законодавството и со подготовка на информатички системи за поврзување со информатичките системи на Европкската Комисија и земјите членки на ЕУ. Изработката на национален Систем за обработка на царински декларации – СОЦД е финансирана од националниот буџет, додека техничката поддршка за изработка на софтвери за поврзување со царинските ИКТ системи на ЕУ и за усогласување на националното законодавство со Конвенцијата за заеднички транзит, се финансирани со средства од ИПА фондовите на Европската Комисија.

### ПОДДРШКА ОД ИПА ФОНДОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Во рамки на проектите финансирани од ИПА 2007 програмата, во текот на 2010 година се реализираа 3 подпроекти. **Во рамки на подпроектот за натамошно усогласување на националното царинско законодавството со законодавството на ЕУ,** подготовени се измени или дополнувања на Царинскиот закон, Уредбата за спроведување на Царинскиот закон и Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри, како и интерни упатства за нови поефикасни царински постапки согласно стандардите на ЕУ, а подготвена е и функционална спецификација за изработка на софтвер за контрола на движењето на акцизите – EMCS. Во рамки на **подпроектот за техничка поддршка за подобрување на царинските ИКТ системи**, подготовени се стратешки ИКТ документи за поврзувањето со царинските информатички системи на државите членки на ЕУ и Европската комисија, технички спецификации за основните софтвери за поврзување со царинските ИКТ системи на ЕУ, а набавена е и компјутерска опрема. Во рамки на **подпроектот за зајакнување на граничните контроли** воведени се нови, модерни техники за спроведување на царинското законодавство (технологија и алатки од типот на анализа на ризик), заштита на државната граница и олеснување на прометот со стоки преку граничните премини, подготвени се и промовирани модули/курсеви за царинско и деловно електронско учење (Е-учење) креирани од страна на Европската Комисија, а спроведени се и обуки на обучувачи за зголемување на интегритетот на царинските службеници. Обезбедена е и обука на царинските кучиња за откривање на дрога и набавена е техничка опрема и возила за нивен транспорт.

Преку обезбедените средства во рамки ИПА 2008 фондовите, во 2010 година е спроведена постапка и склучен договор за изработка на софтвер за пристапување кон Новиот компјутеризиран царински систем на ЕУ - NCTS[1] и за контрола на квалитетот.

Во 2010 година Европска Комисија донесе одлуката со која **надлежностите за управување со првата компонента од Програмата ИПА се пренесуваат од Европската Комисија на Република Македонија**. Со оваа одлука се потврдува подготвеноста на националната структура ( вклучително и Царинската управа) за самостојно управување со средствата на ЕУ од програмата ИПА за понатамошен развој на административните и оперативни капацитети.

> Во соработка со Центарот за европски перспективи од Словенија, а финансиски поддржано од ИПА 2007 Проектот за приближување на националното кон законодавството на ЕУ, во 2010 година беа спроведени обуки на раководни царински службеници за преговарање и претставување на позициите на Република Македонија во процесот на преговарање за членство во ЕУ.

### ЗАКОНОДАВСТВО

Со измени и дополнувања на Законот за царинска тарифа („Сл.весник на РМ" бр.35/10) создадена е **правна рамка за воспоставување на Интегрирана царинска тарифа - TARIM** (вид на национален TARIC кој се користи во ЕУ) во која се интегрирани сите тарифни и нетарифни мерки, согласно важечките прописи на Република Македонија. **Царинската управа се определува за администратор на TARIM**.

Во април 2010 година се донесени **измени и дополнувања на Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ" бр.48/10) со кои е воведена правна рамка за **задолжителна електронска царинска декларација** и за **електронско доставување на информации за најава на поаѓање и пристигнување на стока** од и во царинското подрачје на Република

Македонија, како услови за функционирање на новиот СОЦД и за унапредување на системите за царинска контрола базирана на анализа на

[1] New Computerized Transit System

ризик. Со ова е извршено и усогласување со Царинскиот закон на ЕУ, Регулативата на Советот на ЕУ број 2913/1992, како и измените и дополнувањата донесени со Регулативите 82/97, 955/1999, 2700/2000, 648/2005 и 1791/2006.

Кон крајот на 2010 година Владата на Република Македонија донесе Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2011 година („Сл.весник на РМ" бр.165 /10), со која Царинската тарифа, согласно преземените обврски од Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација и измените на Комбинираната номенклатура на ЕУ (објавени во Службен весник на ЕУ бр. L 284 од 29.10.2010), е усогласена. Намалени се МФН царинските стапки на 27 тарифни става. Намалувања на царинските стапки има во главите 34 и 39 на Царинската тарифа во кои се опфатени течните сапуни, детергенти и некои производи од пластични маси како цевки, фолии, покривки за подови од пластични маси и различни затворувачи. Просечната царинска стапка на горенаведените ставови во 2010 година изнесува 10,92%, а во 2011 година изнесува 8,38%. Вкупно се избришани 256 тарифни ознаки, а воведени се 123 нови тарифни ознаки поради намалување на обемот на трговија. Воведени се 22 национални тарифни ознаки поради тоа што во Комбинираната номенклатура - иста група производи се опфатени заедно, а во нашата царинска тарифа тие се со различни царински стапки и затоа се расчленети на национално ниво (деветта и десетта бројка).

Меѓу другото, со измените и дополнувањата на Царинскиот закон се овозможи заедничко царинење со царинските служби на соседните држави, се укина концептот „лице за кое постои повисок ризик" и се пренесоа одредбите за единствена царинска стапка од Царинскиот закон во Законот за Царинска тарифа.

### ПОВРЗУВАЊЕ И ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ СО ИНФОРМАТИЧКИТЕ СИСТЕМИ НА ЕУ

Царинската управа во 2010 година продолжи со изработката на нов СОЦД кој треба да го замени застарениот ASYCUDA софтвер, да овозможи техничка основа за безхартиена околина во царинското работење, како и компатибилност за поврзување со ИКТ системите на ЕУ.

Во мај 2010 година DG-TAXUD ја реализираше третата ИТ мониторинг мисија во Царинската управа. Основна цел на Мисијата беше запознавање со напредокот на тековните и потенцијални проекти финансирани во рамки на ИПА програмата и разгледување за нацрт Стратегијата за развојот ИКТ на Царинската управа и Стратегијата за интероперабилност со царинските системи на ЕУ. Во врска со конкретните активности, Мисијата констатираше значително унапредување на управувањето со ИКТ процесите на Царинската управа, додека за имплементацијата на управувањето со деловните процеси посочено е дека Царинската управа е лидер во регионот.

Во декември 2010 година Владата на Република Македонија усвои:

- Стратегија за развој на информатички и комуникациски технологии,
- Стратегија за имплементација на интероперабилност за пристапување кон ЕУ,
- Стратегија за имплементација на заедничкиот транзитен систем на ЕУ и
- Национален проектен план за имплементација на NCTS.

Овие стратегии, подготвени од страна на Царинската управа со асистенција на консултанти ангажирани во рамки на ИПА 2007 проектот, претставуваат задолжителни документи кои ја потврдуваат и трасираат заложбата и посветеноста на Владата на Република Македонија за исполнување на условите за членство во ЕУ. Стратегиите се доставени до Европската Комисија (Директорат за царина и оданочување и Директорат за проширување), а на почетокот на 2011 година истите се презентирани пред претставници на Европската Комисија во Брисел. Според анализите, Република Македонија ќе биде спремна за започнување преговори за пристапување кон конвенциите за заеднички транзит во втората половина на 2012 година, врз чија основа ќе се иницира постапка за навремено обезбедување на фондови и услови за поврзувањето со царинските ИТ системи на ЕУ преку јазолот CCN/CSI.

Во рамки на ИПА 2008 проектот, врз основа на претходно спроведена постапка, кон крајот на 2010 година се склучени договори за изработка на софтвер за поврзување со NCTS и за контрола на квалитетот на софтверот. Реализацијата на договорите започна во февруари 2011 година.

Доколку Република Македонија успешно и навремено ги реализира стратегиите и проектниот план за имплементација на NCTS може да стане полноправен член на Заедничката транзитна конвенција на ЕУ, а со тоа да обезбеди и пристап до европските информатички системи и пред да стане полноправен член на ЕУ.

## 2. ЦАРИНСКИ И ДАНОЧНИ ОЛЕСНУВАЊА

Врз основа на согледување и анализи на состојбата и можностите, Владата на Република Македонија и во 2010 година продолжи со донесување мерки за намалување на давачките поврзани со увозот.

**Во јануари 2010 година, донесени се измени на Законот за административни такси** („Сл.весник на РМ" бр.6/2010), **при што укинати се административните такси за**:

- поднесување на царински декларации,
- барања за издавање на уверение за движење ЕУР 1,
- за документи кои се пропишани со меѓународните или меѓудржавните договори, прифатени или ратификувани од страна на Република Македонија, а кои се користат наместо царинска декларација и
- запис за внесување и изнесување на стока во и од слободна зона или слободен склад.

Укинувањето на овие административни такси има за цел намалување на трошоците на економските оператори и намалување на административните процедури, но и усогласување со европските стандарди.

Во март 2010 година **Владата на Република Македонија донесе пакет мерки со кои значително се намалени трошоците за увоз на патнички автомобили**. Имено, со измени и дополнувања на **Законот за царинска тарифа** („Сл.весник на РМ" бр.35/10) **изедначени се (намалени) царинските стапки на употребувани со нови патнички автомобили**. Со **измени и дополнувања на Законот за акцизите** („Сл.весник на РМ" бр.34/10) работната зафатнина, како основа за пресметка на акцизите на моторни возила, е заменета со вредноста на возилото, при што, **на патничките возила со царинска вредност до 3.000 евра акцизната давачка е нула.** Во март 2010 година Владата на Република донесе **измени и дополнувања на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ" бр.38/10) со кои **примената на правилата за дозволен кумулативен шестмесечен привремен увоз на возила со странски регистарски таблички е одложена до 30.09.2010 година**. Истовремено, со цел овозможување увозно царинење и регистрирање на возила со странски регистарски таблички поседувани од граѓани на Република Македонија, **потребниот технички стандард кој треба го исполнуваат возилата - времено е сведен на EURO 1**. Со **измени и дополнувања на Правилникот за единечно одобрување на возилата** и **Правилникот за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата** во рамки на Законот за возила, отстранет е атестот за хомологација како услов за увозно царинење на возила.

Со измените и дополнувањата на Законот за царинска тарифа се укинати царински давачки на два тарифни става во кои се опфатени репроматеријали – производи од керамика за технички цели.

Во март 2010 година Владата на Република Македонија донесе **измени и дополнувањата на Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведувањето на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки** („Сл.весник на РМ" бр.28/10), со кои **вредноста на предметите кои домашни патници покрај личниот багаж ги внесуваат од странство, се зголемува од 175 евра на 350 евра** доколку истата не е од комерцијална природа. Донесените измени и дополнувања на оваа уредба е во согласност со Директивата на Советот на ЕУ 74/2007.

Во 2010 година се увозно оцаринети над 51 илјада употребувани патнички моторни возила, споредено со помалку од 3 илјади увезени употребувани патнички возила во 2009 година

## 3. ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ И ДАНОЧНИ ПОСТАПКИ

Покрај царинските и даночни олеснувања, Владата на Република Македонија и Царинската управа во 2010 година продолжија со системски реформи за забрзување и поедноставување на увозот, извозот и транзитот, како со интервенции во регулативата, така и со **поедноставување на процедурите и со интензивно воведување на информатички системи за поддршка на Е_царина.**

### ПРАВНА РАМКА

Во декември 2010 година се донесени **измени и дополнувања на Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ" бр.158/10) со кои **се уредуваат условите и постапката за издавање на одобренија за вршење на работи на застапување во царинските постапки (на правни лица) и лиценци за вршење на застапување (на физички лица)**. Пропишани се условите за полагање на стручен испит за лиценцирани застапници и содржината на стручниот испит, со тематски области, како и прекршочни санкции како и критериуми за суспендирање на одобрението и лиценцата за вршење на работи на застапување во царинските постапки. Одобренијата и лиценците за вршење на застапување ги издава Царинската управа, според пропишани критериуми.

Во 2010 година се започна со **примена на законската можност за поднесување на усна царинска декларација за комерцијални пратки со мала вредност**. Усната декларација има бројни предности, како за царинските органи така и за увозниците. Посебно е практична примената на усната декларација во царинските испостави каде што се царинат мали пратки кои пристигнуваат по пошта, со авион или пак на граничен премин. Со усното декларирање значително се убрзува спроведувањето на царинската постапка и се намалуваат трошоците на увозниците, како на пример шпедитерски, складиштарски, трошоци за транспортни услуги и слично.

Во 2010 година се започна со **примена на поедноставените царински постапки и при царинењето на збирни пратки.** Ова се остварува преку логистички центри кои ги имаат одобренијата од Царинската управа за поедноставувања во транзит (одобренија за овластен примач и испраќач). Со примената на поедноставените постапки се овозможува спроведување на царинската постапка во просториите на компанијата, царинењето е можно 24/ 7 и не зависи од работното време на царинските испостави, немање на обврски за влегување во царински терминал, со што се избегнуваат терминалните надоместоци и намалување на шпедитерските трошоци.

Како и секоја година, **Царинската управа подготви Водич за царинење на стоки 2011.** Водичот е бесплатно достапен на интернет страната на Царинската управа. Има за цел олеснување на царинската постапка на царинските работници како и на останатите учесници во меѓународната трговија. Покрај МФН царински стапки, во него се инкорпорирани и преференцијалните стапки согласно договорите за слободна трговија, ДДВ, акциза и пропишаните нетарифни мерки. Истовремено, како нотификација за исполнување на обврските на Република Македонија согласно Протоколот за пристапување кон Светската трговска организација, Царинската управа подготви **Царинската тарифа за 2010 година на англиски јазик** - која преку Министерството за економија е доставена до Светстката трговска организација. На македонски

јазик се преведени амандманите на Коментарите на ХС 2007, кои беа донесени во првата половина на 2010 година. Истите и во електронска форма се доставени до СЦО, согласно Договорот за право на превод и печатење на публикации од СЦО.

## Е_ЦАРИНА

### Воведено електронско аплицирање за добивање одобрение за увоз за облагородување

Увозот за облагородување претставува значително голема економска активност во Република Македонија. Поради карактерот на работата која често бара брзо прилагодување кон нарачките од странските партнери, мошне е важна брзината на доставувањето и обработката и издавањето на овој вид одобренија. Царинската управа годишно издава стотици нови и измени на веќе издадени одобренија за царинска постапка за увоз за облагородување. На почетокот на 2010 година Царинската управа воведе **web апликација за електронско поднесување на барање дозвола за увоз за облагородување**. Преку оваа апликација, покрај во хартиена форма, економските оператори можат и преку интернет страницата на Царинската управа да ги доставуваат своите барања, со што значително се намалува времето за нивна администрација и процесирање и се зголемува транспарентноста и следливоста. Сепак хартиената форма останува задолжителна се додека не се направат законски измени кои ќе овозможат легитимност на електронската документација. Во тек е надградба на апликацијата со дигитален потпис, електронско задолжување на увозот и воведување на можноста за електронско аплицирање и добивање одобренија за други видови царински постапки со економски ефект. Во мај 2010 година Царинската управа стави **Корисничко упатство за работа со web апликацијата за обработка на барање за одобрение за увоз за облагородување**, кое го опишува начинот на работа со WEB апликацијата за поднесување на барање за издавање на одобрение за увоз за облагородување, внесот на податоци во барањето за одобрение за увоз за облагородување и пропратните документи од надворешен домен потребни при аплицирање за одобрение и документите кои контунуирано се испраќаат за следење и контрола на користење на одобрението.




## ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊА ДО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Почнувајќи од 2010 година, Царинската управа им овозможи на компаниите и други корисници да го користат интернет порталот на EDMS за електронско поднесување на барања до Царинската управа. На овој начин, компаниите, освен во хартиена форма, од своите деловни простории можат и електронски да аплицираат до надлежните царински органи, со што целата постапка за добивање на одобренија кои ги издава Царинската управа станува многу поефикасна. До донесувањето на соодветната законска основа за поднесување на документи по електронски пат, како и до овозможувањето за користење на дигитален потпис, задолжително е поднесувањето на барањата да се прави и во хартиена форма. Во тек е воведување електронски потпис на електронските барања.




Работата со електронските барања е уредена со повеќе интерни акти на Царинската управа:

- Во април 2010 година е донесено **Корисничко упатство за електронско поднесување барања до Царинската управа**, со кое се уредува начинот на кој правни и физички лица можат да доставуваат повеќе видови барања преку интернет порталот на Царинската управа, во рамки на (EDMS), како и **Корисничко упатство за архивска обработка на електронски барања**, со кое се уредува начинот на обработка барања примени од странки преку



надворешниот портал на Царинската управа во рамки EDMS;

- Во мај 2010 година се донесени **Правила и услови за регистрација во порталот за електронска комуникација со Царинската управа**, како и стандардно **Барање за регистрација во порталот за електронска комуникација со Царинската управа**;
- Во мај 2010 година е **донесено Корисничко упатство за доставување документи до корисниците преку интернет порталот,** како и **Администраторско упатство за работа со порталот за електронска комуникација.**

Втора фаза од развојот на електронски едношалтерски систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти – EXIM

Во 2010 година започна втората фаза од развојот на EXIM, која опфаќа: интеграција и подготовка за размена на податоци со новиот СОЦД, интеграција со TRACES like системот на Управата за ветеринарство, ведување на модул за транспортни дозволи, и овозможување увид во регистри и извештаи, а подготвена е алтернативна хариена (Fall back) процедура.



| Име на дозволата | Издадени дозволи | |
|---|---|---|
| | **2009** | **2010** |
| Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | 14,037 | 23,972 |
| Согласност за царинење на предмети за општа употреба | 3,883 | 6,891 |
| Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри | 1,636 | 5,406 |
| Решение за упис/одбивање во регистар на Биро за метрологија при увоз | 1,752 | 1,939 |
| Потврда за сообразност на единечно прегледано возило | 2,202 | 478 |
| Одобрение за увоз на лекови | 741 | 2,500 |
| Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | 1,282 | 3,010 |
| Одобрение за увоз на медицински помагала | 550 | 1,983 |
| Дозвола за транспорт/транзит на опасни материи | 204 | 815 |
| Одобрение за увоз на опасни и други видови на хемикалии | 223 | 712 |
| Други дозволи | 2,122 | 4,375 |
| **Вкупно** | **28,632** | **52,081** |

Како резултат на напредокот на Република Македонија во оваа област, Европската Комисија ја вклучи Република Македонија да учествува во Работната група за „Single Window“. Целта на работната група беше да изработи функционална спецификација во која ќе бидат дефинирани основните заеднички стандарди на ЕУ во овој дел. Во октомври 2010 година во Царинската управа се одржа петтиот состанок на Работната група

каде беше истакнат исклучителниот напредок на Република Македонија во оваа област и одлучи EXIM да биде презентиран на работилницата „Едношалтерски систем - прозорец за можности" која се одржа во Варшава, на 10 и 11 ноември 2010 година, во организација на Европската Комисија. Во соработка со СЦО подготвена е Студија во која се промовираат искуствата на Република Македонија во развојот Single Window концептот. Истата треба да биде публикувана како дел од Програмата „Помош за трговија" („Aid for Trade") на Светската трговска организација.

Користењето на EXIM бележи рапидно зголемување со издадени 52.081 увозни дозволи што е за 82% повеќе од 2009 година кога беза издадени 26.632. увозни дозволи. Во 2010 година преку EXIM се поднесени 5.198 барања за тарифни квоти. На крајот на 2010 година во EXIM беа регистрирани 595 корисници од приватниот сектор, пред сè компании со одобренија за вршење работи на царинско застапување кои во EXIM вршат работи за илјадници свои клиенти.

## 4. АКЦИЗИ

Од 01.01.2010 година Царинската управа од Управата за јавни приходи го презеде управувањето и наплатата на сите видови акцизи на целата територија на Република Македонија. Покрај администрирањето на акцизните документи, започнаа и анализи за воведување нови методи за лабораториски истражувања, мобилни лаборатории, контрола на нормативите за производство на акцизни стоки, критериуми за анализа на ризик на теренска и вонтеренска контрола, нови средства за превентивна заштита на наплатата на акцизите, како и компјутеризација на процесите.

Со **измени на Правилникот за спроведување на Законот за акцизи** („Сл.весник на РМ" бр.46/2010), изменета е акцизната пријава за патнички автомобили, со што е овозможено пресметување на акцизата спрема вредноста на автомобилот, наместо спрема работната зафатнина на моторот.

Во јуни 2010 година се донесени **измени и дополнувања на Правилникот за спроведување на Законот за акцизи** („Сл.весник на Р.М.бр.85/10) кои предвидуваат:

- поедноставена постапка на администрирање на акцизните документи при транспорт на добра подлежни на акциза во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг,
- плаќање на трошоците за печатење, транспорт, чување и издавање на контролните марки со поднесување на пријавата за планирани количини на контролни марки, наместо при подигање на контролните марки,
- издавање на контролни марки на барање на имателот на акцизната дозвола или увозникот еднаш неделно, наместо два пати месечно,
- воведување на нови обрасци на контролни марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол и обрасци на контролните марки за обележување на тутунски добра – изработени со најсовремена технологија со цел заштита од евентуално фалсификување на истите.

Овозможена е поефикасна контрола на минералните масла преку промената на средството за обележување на истите - **Измени и дополнувањата на Правилникот за спроведување на Законот за акцизи** („Сл.весник на РМ" бр.156/2010).

Во 2010 година Царинската управа подготви проект (проектно фише) за **изработка на електронски систем за контрола на акцизи** кој ќе биде финансиран од програмата ИПА 2011. Проектот има за цел изработка на систем за контрола на движењето на акцизните стоки, како и развој и воспоставување на поврзаност со други системи, компатибилни со контролниот систем за движење на акцизни стоки (EMCS) на ЕУ. Со воведувањето на овој систем, според стандардите на ЕУ, ќе се обезбеди целосна компатибилност и интероперабилност со соодветните царински ИКТ ситеми на ЕУ во оваа област.

Во соработка со Царинската и даночната управа на Холандија, Царинската управа во септември 2010 година организираше обука за примена на акцизното законодавство на ЕУ, наплатата на акцизи, видовите на акцизи, споредбена анализа на македонското со европското законодавство и видовите на постапки за негово спроведување. Обуката се спроведе во рамки на Програмата за техничка помош помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Царинската и даночна управа на Холандија.

## 5. ЦАРИНСКИ ОДОБРЕНИЈА И ЛИЦЕНЦИ

Во текот на 2010 година, Царинската управа одлучуваше по барања од економските оператори за стекнување со лиценци и одобренија за застапување во царинските постапки и за одобрување на специфични царински постапки.

**За поедноставени царински постапки издаде вкупно 94 одобренија со што е остварено повеќе од двојно зголемување на употребата на поедноставените царински постапки во однос на 2009 година.** Одредено зголемување се забележува и кај другите активни одобренија кои ги издава Царинската управа. Издадени се **13 нови одобенија за царинска постапка увоз за облагородување со систем на одложено плаќање**, а за 350 одобренија извршена е одредена измена. Донесени се 2 нови одобренија за царинска постапка извоз за облагородување, додека за 6 е продолжен рокот на важење. **За царинска постапка царинско**

| Вид на одобрение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Царинско застапување правни лица | 310 | 290 |
| Царинско застапување лиценци | 883 | 750 |
| Постапки со економски ефект | 553 | 533 |
| Поедноставени царински постапки | 181 | 87 |
| Одобрен извозник | 39 | 20 |

**складирање издадени се 7 нови одобренија**, а за 39 претходно издадени одобренија извршена е измена. При тоа, во 2010 година укинати се 2 одобренија за царинско складирање. Во 2010 година **Царинската управа издаде 21 одобрение за вршење на работи на застапување на правни лица и 133 лиценци за застапување на физички лица**. Во истата година беше укинато 1 одобрение за застапување во царински постапки. **Исто така, случени се 56 нови договори за користење на царинскиот информационен систем МАКЦИС.** Во 2010 година се издадени **19 одобренија за одобрени извозници** и **97 задолжителни тарифни информации**.

## 6. ОБЕМ НА РАБОТА

Во 2010 година Царинската управа обработи 994 илјади ЕЦД што е за 18,08% повеќе во однос на 2009 година. Во 2010 година се обработени 418 илјади транзитни ЕЦД, што е за 15,55% повеќе во однос на 2009 година, 207 илјади извозни ЕЦД што е за 8,00% повеќе во однос на 2009 година и 368 илјади увозни ЕЦД, што е за 27,97% повеќе во однос на 2009 година. Каракатеристично за 2010 година е значителниот пораст на интересот на економските опреатори за користење на поедноставени царински постапки, со што го намалуваат времето и трошоците за спроведување на царинските постапки. Имено, **во 2010 година во поедноставена царинска постапка се обработени 125 илјади ЕЦД или 13,37% од вкупно обработените ЕЦД, споредено со 9,53% во 2009 година**. **Од вкупно обработените увозни ЕЦД во 2010 година, 14,89% се спроведени во поедноставена царинска постапка, споредено со 10,92% во 2009 година**. Од вкупно обработените извозни ЕЦД во 2010 година во поедноставена царинска постапка се спроведени 33,67% ЕЦД, споредено со 25,44% во 2009 година. Ова значи дека економските оператори сè повеќе ги прифаќаат царинските постапки кои се применуваат во ЕУ со што се намалува времето на чекање и трошоците за вршење извоз од Република Македонија.

| Царински декларации | 2009 | 2010 | % |
|---|---|---|---|
| Транзит | 362,117 | 418,421 | 15,55 |
| Увоз | 287,607 | 368,063 | 27.97 |
| Редовна постапка | 256,187 | 313,259 | 22.28 |
| Поедноставена постапка | 31,420 | 54,804 | 74.42 |
| Извоз | 191,697 | 207,028 | 8.00 |
| Редовна постапка | 142,929 | 137,329 | -3.92 |
| Поедноставена постапка | 48,768 | 69,699 | 42.92 |
| **Вкупно** | **841,421** | **993,512** | **18,08** |

Во 2010 година границите на Република Македонија ги поминаа 867 илјади товарни моторни возила, 3051 илјади патнички моторни возила (од кои 122 илјади автобуси и 2929 илјади патнички автомобили), 245 илјади вагони и 11.450 воздухоплови.

# II. КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

Основна задача на Царинската управа е спроведување на царински контроли на примената на законите од аспект на наплатата на буџетските приходи, спречување на нелегална трговија и нелојална конкуренција, спречување трговија со забранета стока, финансирање тероризам, заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на животната средина. Во 2010 година Царинската управа продолжи да ги унапредува своите капацитети за извршување на напреднаведените обврски, при што постигна и значителни резултати.

## 7. НАТАМОШНО ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ ЗА АНАЛИЗА НА РИЗИК

Во услови на перманентно рапидно зголемување на меѓународната трговија и бројот на трансакции, царинската контрола базирана на анализа на ризик претставува основна алатка за селекција на целите кои ќе бидат контролирани. Анализата на ризик овозможува рационално и ефикасно користење на ресурсите при вршење царинска контрола, а од друга страна не го оптоварува и попречува синџирот на снабдување на легалниот бизнис. Царинската управа веќе има развиено системи и применува царинска контрола базирана на анализа на ризик, а во текот на 2010 година работеше на натамашно унапредување на своите капацитет во оваа област, како што е објаснето во продолжение.

Со цел поуспешно справување со ризиците при извршувањето на своите надлежности, кон крајот на 2010 година Царинската управа подготви **Стратегија за управување со ризик 2011 – 2014**. Стратегијата обезбедува подобрување на ефективноста и ефикасноста на службата во целина и претставува систематско идентификување и примена на сите мерки потребни за ограничување на ризикот.

Со цел да се обезбеди спроведување на Стратегија за управување со ризици, како и надгледување на оперативната примена на управувањето со ризици во рамки на Царинската управа, во кон крајот на 2010 година беше одлучено да се дефинираат надлежностите и да се формира посебен **Комитет за управување со ризик**, чиј начинот на работа, како и правата и обврските на координаторот и членовите, начинот на работа и начинот на вршење стручни и административни работи поврзани со работата на Комитетот - да се уредат со **Деловник за работа на Комитетот за управување со ризик.**




Во октомври 2010 година Царинската упорава донесе **Прирачник за работа со Системот на пораки на Југоисточна Европа - SEMS**[2], со кое се уредува начинот на работа и стандардните процедури на работа со апликацијата. SEMS служи за размена на информации за патници, стока и возила, пловни објекти и авиони во земјен, речен и воздушен сообраќај пред нивното пристигнување, како и за прибирање и анализа на информации за разузнавање и анализа на ризик.

Со цел обезбедување систематизиран и единствен пристап во управувањето со ризиците на граничните царински испостави, соодветна проценка во управувањето со ризикот, како и примена на контроли базирани на анализа на ризик, во октомври 2010 година е **воведен Електронски систем за управување со ризик на граничните премини**, кој го опфаќа и некомерцијалниот (патничкиот) промет. Во ноември 2010 година се направени **измени и дополнувања на Упатството за вршење селективни контроли во царинското работење** и е донесено **Корисничко упатство за работа со модулот за управување со ризик на граничните царински испостави**. Системот обезбедува систематизиран внос на податоци за резултати од спроведени царински контроли, анализа на податоците и изработка на ризични профили.



Во ноември 2010 година започна реализацијата на втората фаза на проектот „Систем за електронска размена на податоци (SEED) во земјите на Западен Балкан", финансиран од ЕУ. SEED треба да обезбеди електронска размена на податоци и раздолжување на транзитот помеѓу земјите од Западен Балкан, со што ќе се обезбеди повисок степен на царинска контрола и намалување на царинскиот криминал и корупцијата, како и елиминирање на сегашното рачно раздолжување на транзитот. За оперативна примена на постојната верзија на апликацијата во октомври 2010 година е донесен **Прирачник за работа со SEED,** како и **Упатство за работа со апликацијата за системска размена на податоци – SEED** со кое се уредува начинот на работа и стандардните процедури во размената на податоците. Упатството е доставено до царинските служби на соседните држави за нивно информирање и понатамошно користење. Во септември и декември 2010 година Царинската

[2] South-East European Messaging System

управа на Република Македонија со Царинските управи на Албанија и Србија потпиша билатерални **Протоколи за електронска размена на царински податоци преку SEED**.

Во 2010 година заврши проектот Проценка на ризикот за царините од Западен Балкан **– RACWeB**, развиен во соработка и со финансирање од страна на ЕУ. Системот има за цел да ја зголеми ефикасноста и транспарентноста на државите од Западен Балкан во проценката на ризикот, преку обезбедување поддршка при идентификацијата на ризиците со примна на техники на пребарување во базите на податоци, на национално и регионално ниво. Во тек е подготовка на интерни акти за ставање на софтверот во функција на национално ниво.




Во соработка со Владата на САД, во завршна фаза е инсталција на електронски систем за лиценцирање, евиденција и анализа на ризик на стоки со двојна употреба, тн. **TRACKER**. Податоците во системот треба да ги ажурираат пред сè Министерството за одбрана и Министрството за економија. Во подготовка е Уредба за работа со системот која треба да биде донесена од страна на Владата.

Во 2010 година, Владата на Република Македонија донесе Елаборатот за воспоставување на **единствен интегриран електронски систем за управување со ризик - САР** во кој ќе бидат вклучени сите институции кои вршат инспекциски надзор при увозот и транзитот на стоки. САР ќе овозможи електронска обработка на критериумите за анализа на ризик на сите инспекциски органи истовремено, при првиот внос на податоци за влез и транзит на стока во електронскиот систем за обработка на царински декларации. Истовремено, САР ќе ја забрза постапката на спроведување на потребните формалности на граничните премини и ќе создаде услови за извршување на т.н. „One Stop Shop" контрола на едно место, од страна на сите институции кои вршат инспекциски надзор. Размената на потребните информации помеѓу надлежните органи во вистинскиот момент, ќе овозможи зголемување на ефикасноста при селектирањето на вистинските цели. Во тек е дефинирање на работните процеси на инспекциските органи поврзани со анализата на ризикот и припрема на функционална спецификација.

За поефикасна координација на надзорот на пазарот и олеснета размена на податоци и информации, Владата на Република Македонија во 2010 година формираше **Координативно тело за надзор на пазарот**, составено од членови на органите надлежни за инспекциски надзор и од Царинската управа.

## 8. НАТАМОШНО ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ ЗА ВРШЕЊЕ ЦАРИНСКА КОНТРОЛА И ИСТРАГИ

Во август 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за дополнителна проверка на документи за утврдување на царинска вредност**, со кое се уредува начинот и постапката за дополнителна проверка на документи релевантни за утврдување на царинската вредност на стоката, како и обврските на надлежните организациони единици за водење на евиденција и доставување на информации поврзани со компаниите за кои е отпочната постапка за дополнителна проверка на документи за утврдување на царинска вредност. Истовремено, беше подготвено и **Упатство за постапување при откривање на двојни фактури** со кое се уредува начинот на постапување при откривање на двојни фактури при контрола на стоки, поштенски пратки и товарни моторни возила.

| | |
|---|---|
| **Компендиумот за царинска вредност го содржи комплетниот текст на „Спогодбата за спроведување на член VII" од „Општата Спогодба за царини и трговија 1994" основни информации и практични примери за утврдување на царинска вредност.** | **Коментарот на Хармонизиран систем 2007 во 5 книги ги содржи официјалните текстови од четвртото последно издание на „Коментарот на конвенцијата за хармонизираниот систем за имињата и шифрените ознаки на стоките" на Светската царинска организација, од 2007 година.** |

Во јануари 2010 година **Царинската управа ги публикуваше Компендиумот за царинска вредност и Коментарот на хармонизиран систем 2007 на Светската царинска организација, на македонски јазик**. Овие публикации содржат основни информации и практични примери за утврдување на царинска вредност и практична примена на Хармонизираниот Систем и претставуваат функционални алатки за олеснување на секојдневното работење за царинските службеници и правилна примена на законите.

Со цел уредување на начинот на процесирање на новововедените категории на повици во согласност со новиот **електронски дневник за дневни активности на ОКК**, во август 2010 година Царинската управа донесе ново **Упатство за работа на Одделението за координација и комуникација**. Новото Упатство за работа на ОКК е потполно усогласено со Законот за заштитата на личните податоци, потврдено со **ново Упатство за работа со CCTV** донесено во март 2010 година.

Независното делување на мобилните тимови како подршка на другите организациони делови на Царинската управа е уредено со **Упатство за работа на Службата за мобилни тимови**, донесено во ноември 2010 година. Во јуни 2010 година е донесена нова **Програма**

**за радијациона заштита на мобилен систем - рендген скенер,** со која се воспоставува систем за радијациона заштита, односно се имплементираат стандарди за заштита на луѓето од штетните ефекти на јонизирачкото зрачење, без притоа да се врши непотребно ограничување на општествено корисните примени на истото, како и се зајакнува културата на сигурност при употреба на јонизирачкото зрачење во општокорисни цели. Организацијата на работа, начинот на поставување, користење и чување на мобилните рендгени за контрола на личен багаж е уредено со **Упатство за скенирање на личен багаж на патници со мобилен рендген** донесено во ноември 2010 година и **Прирачник за работа со мобилен рендген**, кој претставува информативно средство за сите систем оператори на LS207 Autovan системот, кое им овозможува правилна, безбедна и ефикасна употреба на истиот. Капацитетот на мобилните царински тимови за откривање наркотички средства е дополнително зголемен со 7 нови специјално опремени автомобили за транспортирање на царински кучиња, обезбедени преку проектот „Техничка помош за зајакнување на граничната контрола" во рамки на ИПА 2007 проектите.

Преку истиот проект се обезбедени и 6 висококо софистицирани електронски детектори за наркотици и експлозив.

## 9. ЦАРИНСКАТА ЛАБОРАТОРИЈА




Согласно барањата на стандардот ИСО 17025 царинската лабораторија е посветена на подготовка и воведување на нови методи за анализа на мостри и распоредување на стоките според Царинската тарифа. Во 2010 година се воведени методи за анализа на нафтени деривати и боја во минерални масла за домаќинство со течна хроматографија, метода за одредување на обојувач и маркер во гориво УВ спектрометриски, метода за анализа на јодати во сол и метода за содржина на сол во месо и производи од месо.

Во текот на 2010 година во царинската лабораторија се анализирани 247 мостри од кои најголем дел се нафтени деривати и млечни супститути или имитација на млечни производи. Врз основа на анализите на мостри земени од резервоари на возила беше констатирано дека во горивото е присутен обележувач што укажуваше дека во моторните возила се користи екстра лесно гориво за домаќинство со што е правен обид да се избегнат повисоките акцизни давачки.

## 10. РЕЗУЛТАТИ ОД ЦАРИНСКИОТ НАДЗОР И КОНТРОЛА

### СПРЕЧЕН ШВЕРЦ И ПРИВРЕМЕНО ЗАДРЖАНА СТОКА

Во 2010 година Одделението за оперативни работи изврши детални прегледи на 3 илјади товарни моторни возила, 2 илјади автобуси, 1,7 илјади патнички моторни возила, 31 воз и 43 физички лица без моторни возила. Заедно со прегледите на граничните и внатрешните царински испостави, поради констатирани обиди за нелегален увоз или транзит, **привремено се задржани значителни количини разна стока**, од која, покарактеристична е следната:



Текстилни производи и обувки: **53 илјади парчиња**



Лекови и медицинска опрема: **382 илјади парчиња**



Автомобилска и друга опрема: **8 илјади парчиња**



Козметички производи: **13 илјади парчиња**



Цигари и опрема: **353 илјади парчиња**



Алуминиумски профили: **18 илјади килограми**




Храна и пијалоци: **32 илјади килограми**



Опрема за домаќинство: **19 илјади парчиња**



Свежо цвеќе и садници: **5 илјади парчиња**



Аудио и видеоопрема и телефони: **11 илјади парчиња**




Злато и накит: **3,4 килограми**



Бижутерија: **17 илјади парчиња**



Црвена нафта и мазут: **2,5 илјади килограми**



Разни материјали: **70 илјади парчиња**



Канцелариска и школска опрема: **10 илјади парчиња**



Течен кислород: **1,5 илјади килограми**

Како резултат на системски мерки за јакнење на царинска контрола и сузбивање на злоупотребата на службената должност, според проценки на производители и увозници на тутунски производи, **учеството на цигари на кои не се платени давачки во вкупната потрошувачка на цигари во** Република Македонија бележи перманентен значителен тренд на опаѓање од околу 25% на почетокот на 2006 година на околу 6% на крајот на 2010 година.



## СПРЕЧЕНА НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО НАРКОТИЦИ И ПСИХОТРОПНИ МАТЕРИИ

Во текот на 2010 година Царинската управа продолжи со унапредување на сопствените капацитети и соработка со странски и домашни институции, а пред сè со МВР, за спречување на нелегална трговија со наркотици и психотропни материи, што резултиташе со конкретни откритија и заплени, меѓу кои, покарактеристични се подолу опишаните.





На граничниот премин Табановце, во патничко моторно возило со македонски регистарски ознаки, пријавено за излез од Република Македонија. во задниот дел од возилото во кровот под тапацирот, пронајдени се 2 килограми хероин. На граничниот премин Делчево во патничко моторно возило со македонски регистарски ознаки пријавено за влез во Република Македонија, под задниот браник во специјално направен бункер пронајдени се 2 килограми хероин. На граничниот премин Деве Баир, во автобус со турски регистарски ознаки, пријавен за излез од Република Македонија. на патосот помеѓу последните и претпоследните седишта, пронајдени се 64 парчиња таблети екстази. На граничниот премин Блаце при преглед на внатрешниот дел од автобусот пронајдени се и запленети 2 пакета со хероин, со вкупна тежина од околу 1.015 грама.



## НЕЛЕГАЛЕН ПРЕНОС НА ГОТОВИ ПАРИ

Царинската управа во 2010 година во повеќе наврати откри обиди за внесување и изнесување непријавени готови странски пари над дозволениот максимум, **при што привремено задржа различни странски пари, меѓу другото и 115 илјади евра и 156 илјади швајцарски франци.**

## СПРЕЧУВАЊЕ ИЛЕГАЛНА ЕМИГРАЦИЈА

Во текот на 2010 година Царинската управа во 2 случаи, јули и август, со помош на мобилен скенер беа пронајдени 3 лица –мигранти без лични документи. На граничниот премин Богородица на терминалот помеѓу паркираните товарни моторни возила беше пронајдено едно лице-мигрант без лични документи. На граничниот премин Блаце, на излез од Република Македонија во товарно моторно возило со македонски регистаски ознаки беа пронајдени две лица-мигранти без лични документи.



## ОТКРИЕНО ЗГОЛЕМЕНО НИВО НА ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

Во 2010 година, во 4 случаи Царинската управа при влез во Република Македонија констатираше зголемено ниво на јонизирачко зрачење. Во соработка со Дирекција за радијацона сигурност, точно е утврдено нивото и изворот на јонизирачко зрачење и се донесени мерки за отстранување на негативните последици.

## МЕЃУНАРОДНИ ОПЕРАЦИИ

Во 2010 година царинската управа учествуваше, координираше и организираше на национално ниво 8 меѓународни операции: AUNT за мониторинг на мали количини цигари од 2000 до 100.000 парчиња од Источна и Јужна Европа, SHADOW IV фокусирана на легалниот и илегалниот транспорт на цигари и суров тутун низ државите на Југоисточна Европа, MOUSETRAP фокусирана на контрола на поштенските

пратки поврзани со Internet продажба, MERCURY II фокусирана на контрола на поштенски пратки на фармацеутски производи нарачани преку Internet и GLOBAL SHIELD фокусирана на размена на информации меѓу државите учеснички за легални увози, извози, транзити и трговија со високо ризични хемикалии. Интензивирана е соработката со RILO во рамките на WCO со внесување на податоци во CEN базата на податоци, продолжи соработката со ZKA Балкан Инфо за размена на податоци за заплена на дрога и податоци за потенцијално криумчарење на дрога.

## 11. ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Кон крајот на 2010 година Царинската управа подготви **Стратегија за заштита на права од интелектуална сопственост 2011 – 2013**. Стратегијата има за цел унапредување на организационата поставеност и техничката опременост на Царинската управа, континуирана обука на царинските службеници, подигнување на свеста за штетните последици од фалсификуваната стока и заштита на конкурентноста на домашните и странски производители на стоки со заштитени марки. На крајот на 2010 година во Царинската управа беа регистрирани 223 барања на трговски марки за заштита на права од интелектуална сопственост.

### РЕЗУЛТАТИ

Царинската управа во 2010 година интервенираше во 131 случаи поради осоновано сомневање дека се повредени права од интелектуална сопственост во постапка на увоз, извоз, транзит на стока и постапка на царинско складирање (споредено со 130 во 2009 година). Врз основа на спроведените акции, привремено се задржани 372.225 парчиња, и 400 метри,стока за која постоело сомнение дека повредуваат право од интелектуална сопственост, од кои покарактеристични се следните:

Согласно Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, после завршената постапка за утврдување на фалсификат и повреда на правото на интелектуална сопственост, Царинската управа во 2010 година им асистираше на имателите на тровски марки во спроведувањето на постапки за **уништување на 56 илјади парчиња фалсификувани стоки.**




Празни CD: **55,1 илјади парчиња**



Текстилни производи: **24,5 илјади парчиња**



Етикети: **20 илјади парчиња и 400 метри**



Спортски обувки: **18 илјади пара**



Очила за сонце и кожна галантерија: **13,3 илјади парчиња**



Автотелови: **9,3 илјади парчиња**



Козметика и парфимерија: **7 илјади парчиња**



Мобилни и статични телефони и опрема: **2,4 илјади парчиња**




Аудио/видео плеери и опрема: **2,6 илјади парчиња**




Друга стока: **220 илјади парчиња**

## 12. КОНТРОЛИ И ИСТРАГИ

### КОНТРОЛА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

Контролата на сметководствената и финансиска документација зазема се поголемо учество во вкупните контролни функции на Царинската управа, при што во 2010 година се откриени голем број неправилности од царински аспект. Во 2010 година спроведени се 147 контроли на трговски друштва и 321 контроли на имателите на одобренија за увоз за облагородување и царинско складирање. Врз основа на контролите се донесени 562 решенија за дополнителна наплата на 29,373 милиони денари на име царински и акцизен долг. Во 2010 година се извршени 67 надворешни контроли на иматели на акцизни дозволи и барања за поврат на акцизи, при што е наложена допилнителна наплата на над 3 милиони денари даночен долг и се одземени 3 акцизни дозволи.

Врз основа на контролите базирани на системот за анализа на ризик во 2010 година дополнително се пресметани и наплатени околу 21,4 милиони евра, во споредба со 2009 година кога доплнително се наплатени околу 11 милиони евра.

ПРОВЕРКА НА ЦАРИНСКИ ДОКУМЕНТИ

До царинските служби на други држави се испратени 98 барања за проверка на вредноста (395 во 2009 година) и 443 барања за проверка на докази за потекло (203 во 2009 година). Во 2010 година донесени се вкупно 417 решенија за дополнителна наплата на царински долг по основ на проверка на фактура, при што е пресметан и наложен дополнителен долг во износ од околу 2,4 милиони евра. Врз основа на проверка на докази за потекло донесени се 158 решенија со кои дополнително е пресметан долг во износ од околу 252 илјади евра.

ЦАРИНСКИ ПРЕКРШОЦИ

Во 2010 година до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа се **поднесени 1.184 барања за поведување на прекршочна постапка (1.499 во 2009 година)**, од кои: 1.114 барања доставени од организационите единици на Царинска управа, 50 барања од МВР, 13 барања преотстапени од Основните судови и 7 барања од Државен пазарен инспекторат. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа во период 2010 година реши 1.342 предмети при што се **изречени глоби во вкупен износ од 1,2 милиони евра.**

Од почетокот 2010 година, Царинската управа е надлежна за одлучуваање по прекршоци предвидени во Законот за акцизите. Во 2010 година се **примени 22 предмети за сторен акцизен прекршок**, од кои, 14 барања за поведување на прекршочна постапка поднесени се од Државниот пазарен инспекторат, во 7 барања за поведување на прекршочна постапка подносител е Царинската упарава и во едно барање за поведување на прекршочна постапка подносител е МВР.

Во 2010 година, во постапка на порамнување со посредување се донесени 2410 мандатни казни на вкупен износ од 18,628 милиони денари, споредно со 2862 мандатни казни на вкупен износ од 29,024 милиони денари во 2009 година.

КРИВИЧНИ ДЕЛА

Врз основа на спроведени истраги, Царинската управа во 2010 година до јавните обвинителства поднесе **105 кривични пријави против 67 правни и 128 физички лица** (во 2009 година се поднесени 123 кривични пријави, против 49 правни и 147 физички лиза). Најголем дел од кривичните пријави се однесуваат за сторено кривично дело царинска измама, криумчарење и неовластено производство и промет со наркотици.

| **Кривично дело** | **2009** | **2010** |
|---|---|---|
| Кражба | | 1 |
| Криумчарење | 26 | 16 |
| Недозволена изработка, чување и тргување со оружје | 2 | |
| Неовластено производство и промет со наркотици | 4 | 8 |
| Промет со акцизни стоки без бандероли | 28 | |
| Транспорт со акцизни стоки од акцизен склад | 5 | 2 |
| Фалсификување и употреба на исправа | 4 | 2 |
| Царинска измама | 44 | 62 |
| Недозволена трговија | 1 | |
| Производство и пуштање во промет штетни средства за лекување | 3 | 3 |
| Фалсификување на знаци за вредност | 2 | 4 |
| Криумчарење мигранти | 2 | |
| Изнесување и извезување во странство на добра под привремена заштита | 1 | |
| Неовластено производство и промет со општо опасни материи | 1 | 4 |
| Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама | | 3 |
| **Вкупно** | **123** | **105** |

## 13. НАПЛАТЕНИ УВОЗНИ ДАВАЧКИ

Во 2010 година Царинската управа наплати вкупно 41 милијарда денари на име буџетски приходи, што е за 5% повеќе во однос на 2009 година.

ЦАРИНИ И ЦАРИНСКИ ДАВАЧКИ

Од вкупно наплатените буџетски приходи по видови, на име **царина и други царински давачки**, во 2010 година наплатени се 4.760 милиони денари што е 12 % помалку во однос на остварувањето во истиот период 2009 година. Споредено со планираните приходи за периодот јануари-декември 2010 година, кои изнесуваа 5.709 милиони денари, остварени се 83 % приходи од планираното.

Намалувањето на наплатата на царинските давачки во 2010 година пред сè се должи на намалувањето на обемот на увоз. Најголеми намалувања има на наплатата на царински давачки од Глава 88 (Воздухоплови, космички летала и нивни делови) од Царинската тарифа. Тоа се должи на фактот дека во 2009 година е направен увоз на хелихоптери, кој имаат висока вредност и имале големо влијание на наплатата на царинските давачки во 2009 година. Второ значајно влијание на намалувањето на наплатата на царинските давачки има и увозот на шеќер со преференцијално потекло од Србија во 2010 година, при што поради царинска стапка нула, драстично е намалена наплатата на царински давачки од овој вид стока во 2010 година во однос на 2009 година кога увозот главно бил на шеќер без преференцијално потекло и царинска стапка на шеќерот од 30%. Влијание на намалувањето на наплатата на царинските давачки во 2010 година има и наплатата на царински давачки на стоки од Глава 2 на царинската тарифа, односно месо и други кланични производи за јадење. Намалувањето се должи на помалиот обем на увоз особено на замрзнато говедско месо, свинско месо, како и јастиви кланични производи. Големо намалување на наплатата на царинските давачки во 2010 година во однос на 2009 година има кај облеката. И покрај зголемениот обем на увоз и по количина и по вредност, намалувањето на давачките се должи на намалувањето на царинската стапка за овој вид на стоки од 25% на 17,5%. а делумно и на намалувањето на преференцијалните стапки. Поголемо намалување на наплатените царински давачки во 2010 година во однос на 2009 година имаме кај пластичните маси. Намалувањето на давачките се должи на намалувањето на основната царинска стапка кај прекривки од пластични маси за подови, самолепливи плочи и фолии со клеточна структура кај кои основната царинска стапка се намали од 13,6% на 11,3% , како и кај затворачите од пластични маси кај кои основната царинска стапка се намали од 11,4% на 9,7%. Намалување има и на преференцијалните стапки од ЕУ кај некои од овие стоки кај кои преференцијалните стапки се намалени за 50%. Намалување на приходите од царински давачки има и кај производите од Глава 34 односно кај сапуните, органските површински активни средства, препарати за перење, препарати за подмачкување, вештачки восоци, подготвени восоци, препарати за полирање Намалувањето на давачките се должи на намалувањето на основната царинска стапка кај сапуните и препаратите за перење, а истовремено и намалување на преференцијалните стапки од ЕУ од каде има и најголем обем на увоз на овие производи.

| **Назив на главата** | **2009** | **2010** | **Разлика** |
|---|---|---|---|
| Месо и други кланични производи за јадење | 774 | 687 | -87 |
| Шеќер и производи од шеќер | 218 | 30 | -188 |
| Облека и прибор за облека, освен плетени или хеклани производи | 205 | 132 | -74 |
| Производи од железо или челик | 136 | 94 | -42 |
| Возила, освен железнички или трамвајски шински возила | 558 | 741 | 183 |
| Воздухоплови, космички летала и нивни делови | 228 | 0 | -228 |
| Друго | 3,290 | 3,076 | 214 |
| **Вкупно** | **5,410** | **4,760** | **-649** |

Значително зголемување на наплатените царински давачки, се забележува за тутун и производите од тутун во 2010 во однос на 2009 година. Тоа се должи на зголемениот обем на увоз на производи од глава 24 од Царинската тарифа. Во 2009 година вкупно се увезени 3.669 тони, а во 2010 година вкупно 5.294 тони вакви производи. Најголемо зголемување на обемот на увоз има кај суровиот тутун (тип Прилеп и Јака) и друг неориентален воздушно сушен тутун, како и кај цигарите.

### НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ ОД ДДВ

Приходите наплатени од ДДВ во периодот 2010 година година изнесуваат 34.814 милиони денари, што е за 7% повеќе од оствареното во 2009 година кога се наплатени 32.511 милиони денари. Споредено со планираните приходи кои за 2010 година кои изнесуваа 31.349 милиони денари, остварени се 11 % повеќе приходи од планираното.

Најголеми зголемувања има на наплатата на ДДВ за руди, минерални горива, нафта и нафтени деривати, железо, челик и моторни возила. Тоа се должи на фактот дека во 2010 година драстично е зголемен увозот на моторни возила и увозот на железо и челик во однос на 2009 година. Големо зголемување на наплатата на ДДВ има кај рудите каде што обемот на увоз на руда на никел и концентрати е значително намален, но поради високата берзанска цена на никелот, наплатата на ДДВ е зголемена во однос на 2009 година. Исто така во оваа глава забележан е пораст на наплата на ДДВ кај рудите на железо и концентрати кои што во однос на 2009 година се зголемени и по обем и по вредност. Големо зголемување на наплатата на ДДВ има и кај нафтата и нафтените деривати каде што обемот на увоз е намален, но поради зголемената берзанска цена на производите од овие глави, зголемена е и наплатата на увозните давачки за ДДВ во однос на 2009 година. Во 2009 година просечна цена на сурова нафта изнесувала 62,28 УСД за барел, додека во 2010 година просечната цена на сурова нафта изнесувала 79,68 УСД за барел. Зголемување на наплатата на ДДВ има и во 52 глава (памук и производи од памук) од Царинската тарифа каде што е зголемен обемот на увоз кај предива и ткаенини од памук. Зголемувањето на наплата се должи и на зголемената берзанска цена на памукот. Зголемување се забележува и во 24 глава (тутун и производи за замена на тутун) од Царинската тарифа каде што е зголемен обемот на увоз во однос на 2009 година. Во 17 глава (шеќер и производи од шеќер) од Царинската тарифа, се забележува зголемување на наплатата на ДДВ поради зголемениот обемот на увоз кај шеќерот и производите од шеќер, но најмногу се должи на зголемената берзанска цена на шеќерот како основна состојка за производство на кондиторски производи. Најголеми намалувања на наплатата на ДДВ има во Глава 88 од царинската тарифа (Воздухоплови, космички летала и нивни делови). Тоа се должи на фактот дека во 2009 година е направен увоз на хелихоптери, кои имаат висока вредност и

големо влијание на наплатата на царинските давачки во 2009 година за оваа глава. Увозот во 2010 година е намален за 93%. Исто, значително намалување на наплатата на увозни давачки за ДДВ имаме кај електричните машини, нуклеарни реактори и производи од железо и челик, кое се должи на намалениот обем на увоз на овие производи.

### НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ ОД АКЦИЗИ

Вкупните приходи од акцизи во 2010 година изнесуваат **14.670** милиони денари, а во 2009 година изнесуваат **14.730** милиони денари, што преставува намалување **0,4%**. Приходите од **акциза од увоз** во 2010 година година изнесуваат **934** милиони денари, што споредено со 2009 година претставува зголемување од **5%.** Споредено со планираните приходи за 2010 година кои изнесуваа 1.098 милиони денари, остварени се 85 % приходи од планираното. Приходите од **акциза во внатрешен промет** во 2010 година година изнесуваат **13.735** милиони денари, што споредено со наплатени **13.844** милиони денари во 2009 година претставува зголемување од **0,79 %.** Меѓутоа во наплатените акцизи за 2010 година постојат зголемувања односно намалување на оставерните приходи споредени во однос на 2009 година во зависност од акцизното добро. Вкупните приходи од акциза од алкохол, алкохолни пијалоци и пиво во 2010 година изнесуваат 1.092 милиони денари, додека во 2009 година изнесувале 1.164 милиони денари, што значи намалување од 6,24%. Кај алкохолот и алкохолните пијалоци забележано е намалување на количините на акцизни добра добиени од **домашно производство**. Наплатената акциза за 2010 година за 864 илјади литри, споредена со наплатената за 932 илјади литри во 2009 година, претставува намалување за 7,27%. Исто така, во 2010 година е намален и бројот на издадени контролни марки за вкупно 60.600 парчиња споредено со 2009 година. Во 2010 година вкупно се издадени и наплатени 1.189.200 контролни марки, што во однос на 2009 година во која се издадени и наплатени 1.249.800 контролни марки, претставува намалување за 4,85%. Кај алкохолните пијалоци од **увоз,** во 2010 година наплатена е акциза за количината на алкохол и алкохолни пијалоци од 1.555.596 литри, додека во 2009 година акциза е наплатена на количина од 1.566.962 литри, што претставува намалување за 11.366 литри, односно 0,73%. Бројот на издадени контролни марки за алкохолни пијалоци од увоз во 2010 е 2.228.600 контролни марки, а во 2009 година се издадени 2.176.200, што претставува зголемување за 2,41%. Наплатената акциза на увезено **пиво** во 2010 година изнесува 68,86 милиони денари, што споредбено со 2009 година кога се наплатени 67,58 милиони денари претставува мал пораст од 1,9%.

Приходите од акциза на тутун и тутунски производи во 2010 година изнесуваат 4.454 милиони денари, додека во 2009 година изнесувале 4.622 милиони денари, што значи намалување за 3,64%. Кај тутунот и производите од тутун за 2010 година е констатирано намалување на количините на тутунски добра од **домашно производство** во однос на 2009 година. Во 2010 година издадени се и наплатени акцизи за вкупно 178.950.000 контролни марки, а за 2009 година издадени се и наплатени акцизи за вкупно 186.200.000 контролни марки, што претставува намалување за 7.250.000 контролни марки односно намалување за 3,89%. За разлика од тутунските добра од домашно производство, кај тутунски добра од **увоз** констатирано е зголемување на количините на увезени тутунски добра. Во 2010 година издадени се вкупно 41.000.000 контролни марки, а во 2009 година издадени се 39.750.000 контролни марки, што претставува зголемување за 1.250.000 контролни марки односно за 3,14%.

Вкупните приходи од акциза за минерални масла и акцизните производи во 2010 година изнесуваат 8.705 милиони денари, додека во 2009 година изнесувале 8.404 милиони денари, што значи зголемување за 3,64%. Во делот на приходите на акциза наплатена при увоз во 2010 година констатиран е зголемен приход од 60% во однос на 2009 година.

Приходите од акциза на патнички возила во 2010 година изнесуват 419 милиони денари, споредено со 540 милиони денари во 2009 година, што значи намалување за 22,33%.

Вкупно пресметани приходи од **надоместоци** во 2010 година изнесуваат 761 милиони денари што е 100% повеќе од 2009 година кога се пресметани вкупно 381 милиони денари. Најголеми зголемувања има кај надоместоците кои се плаќаат за увезените употребувани возила и надоместоците кои се плаќаат при увоз на нафтени деривати. Надоместоците кои се наплатени при увоз на тутунските добра во 2010 година изнесуваат 370 милиони денари, додека во 2009 година изнесувале 325 милиони денари, што претставува пораст од 14%.

Во делот на наплата на надоместоците кои се плаќаат при увоз на минералните масла и нафтените деривати, во 2010 година се наплатени 141 милион денари, што споредбено со 2009 година претставува пораст од над 400%. Зголемувањето се должи на воведувањето на законските одредби за дополнителни надоместоци за задолжителни нафтени резерви кои се воведени кон крајот на 2009 година, а за кои Царинската управа е надлежна да ги спроведува односно наплаќа при увозната царинска постапка.

И покрај намалувањето на акцизите, кај надоместоците кои се плаќаат при увоз на употребуваните возила, констатирано е значително зголемување. Во 2010 година вкупно се наплатени 246 милиони денари, додека во 2009 година наплатени се 22 милиони денари, што претставува пораст од над 1.000%. Зголемувањето се должи на значителниот увоз на употребувани возила од над 52.000 во 2010 година за кои задолжително се наплаќа надоместок.

# III. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Капацитетот на човечките ресурси и системот за преманентно унапредување на стручните способности и интегритетот на вработените претставуваат најважен фактор за тековно извршување на целите и задачите на Царинската управа, како и за перманентен развој на царинската служба. Царинската управа перманентно работи на подобрување на условите за работа, унапредување на знаењата и стручните способности на вработените, а посебно на унапредувањето на сопствениот капацитет за управување со човечките ресурси. Во текот на 2010 година Царинската управа врз разни основи ја напуштија 42 лица, а вработени се нови 46 лица, со што, вкупниот број на вработени на крајот на 2010 година изнесуваше 1144 лица. И во текот на 2010 година Царинската управа правеше напори за унапредување на системските решенија во оваа област, од кои поважните се прикажани во продолжение.

## 14. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

Во јули 2010 година е потпишан **нов Колективен договор на Царинската управа,** целосно усогласен со Законот за работните односи и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија. Како составен дел на Колективниот договор, во август 2010 година е донесен **нов Кодекс на однесување на царинските службеници** со кој се определува етичкото однесување на царинските службеници за време на вршење на работите, нивната обврска за почитување на законите, подзаконските акти, меѓународните договори, актите на работодавачот и се уредува начинот на постапување во одредени ситуации. Во август 2010 година се донесени **нови Правила за ред и дисциплина во Царинската управа** со кои се уредува начинот на однесување на вработените за време на работа, нивните обврски кон работодавачот, обврска за придржување кон правилата и одговорност во случај на постапување.

Во ноември 2010 година е донесен **Деловник за работа на колегиумот на Царинската управа**, со кој се уредуваат правата и должностите на членовите на колегиумот, делокругот на работа, начинот на свикување, одржување и одлучување на седниците на колегиумот на Царинската управа со цел обезбедување законско, ефикасно и рационално извршување на целите и надлежностите на Царинската управа.

**Во април 2010 година се донесени измени и дополнувања на Законот за Царинска управа** („Сл.весник на РМ" бр.48/10) кои се дефинираат условите за именување на директор и заменик директор на Царинската управа и на начинот на престанок на нивниот мандат, што обезбедува избор на професионални лица за вршење на овие функции со поголема посветеност и отчетност. **Во декември 2010 година се донесени нови измени и дополнувања на Законот за Царинска управа** (,,Сл.весник на РМ" бр.158/10), со кои поблиску се уредуваат критериумите на работните места во Царинската управа кои немаат статус на царински службеници, туку се со статус на државни службеници. Со овие измени и дополнувања се уредува и водењето на единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од министерот за финансии, во согласност со министерот за правда.

Царинската управа има вопоставено целосна информатичка покриеност на евиденциите и процесите поврзани со управувањето човечките ресурси, во рамките на Интегрираниот информативен систем - ИИС (детална персонална евиденција, регрутирање, еваулација на работната изведба, ги покрива деловните процеси кои се поврзани со управувањето со човечки ресурси и размена на податоци со останатите вработени кои се корисници на овој систем и др.). Покрај претходно донесените интерни акти, во 2010 година се донесени следните акти за уредување на работата на овој систем:

- Во мај 2010 година е донсено **Упатство за пристап во електронскиот систем за персонална евиденција,** со кое се уредува користењето на електронската персонална евиденција. Со ова Упатство се утврдуваат податоците и евиденциите во електронскиот систем на персонална евиденција на вработените, се уредува начинот на ажурирање на податоците, на одобрување овластување за пристап во персоналната евиденција, како и на подготовка на податоци и извештаи.
- Во април 2010 година е донесен **Прирачник за работа електронскиот систем за персонална евиденција,** во рамки на ИИС;
- Во август 2010 е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за регрутирање и вработување**. Со овој софтвер се обезбедува единствена база на податоци за кандидатите кои се пријавуваат на јавните огласи за вработување, како и автоматско префрлање на избраните кандидати во базата на вработени;
- Во март 2010 година е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за мерење на учинокот на вработените**, со цел автоматизирање на процесите уредени со Оперативната инструкција за системот на оценување на царинските службеници.

## 15. ТРЕНИНГ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ СПОСОБНОСТИ

Кон крајот на 2010 година Царинската управа подготви **Стратегија за обуки и стручно оспособување на царинските службеници 2011 - 2013**. Стратегијата има за цел да воспостави одржлив, стабилен и сеопфатен систем на обука и развој на царинските службеници кој ќе ги задоволи различните потреби на управата и на самите царински службеници како поединци и ќе придонесе кон оставување на стратешките цели на Царинската управа.

РЕАЛИЗИРАНА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА 2010

Согласно годишната Програма за обуки, во 2010 година се **реализирани 174 настани** (253 во 2009 година) – активности **во вид на обуки, семинари, работилници и презентации**. На нив **присуствуваа 1.865 царински службеници** (3.276 во 2009 година) од Царинската управа. Во просек, **секој учесник на обуките има добиено просечно 198 часа обука** (90 часа во 2009 година), а секој вработен во Царинската управа во 2010 година има добиено просечно 28 часа обука (24 часа во 2009 година) или 4 дена (3 дена во 2009 година) обука и стручно оспособување. Обучените обучувачи и експерти од проектот одржаа вкупно 12 обуки на кои учествуваа 194 царински службеници. Во 2010 година одржани и се програмски предвидените основни обуки за новоофрботените царински службеници и тоа: за 31 царински службеници со траење од 160 часа, за 30 царински службеници со траење од 144 часа и за 49 царински службеници со траење од 40 часа.

Покрај обуките спроведени од страна на обучувачи на Царинската управа, дел од обуките беа реализирани во организација на странски царински служби и организации, а пред сè:

- Работилници, семинари и студиски посети преку инструментот за техничка помош и размена на информации - TAIEX на ЕУ,
- Програмата за техничка помош од Царинската и даночната управа на Холандија, на теми поврзани со управувањето со човечки ресурси и раководење наменети за високото раководство,
- Владата на САД, во областа на контролите и истрагите,
- Програмата за соработка со Владата на Република Словенија во областа на царинска лабораторија, воведување на информации пред доаѓање и пред заминување и обуки за преговори со ЕУ,
- Преку ИПА проектите – компонента за зајакнување на граничните контроли, одржана е обука за обучувачи за интегрирано гранично управување и етика.

Со цел унапредување на сопствениот капацитет за обезбедување тренинг и обуки на вработените, во рамки на ИПА 2007 подпроектот „Техничка помош за зајакнување на граничната контрола", Царинската управа организираше обука за обучувачи која опфати повеќе теми: улоги и одговорности на обучувачот, стилови на учење, цели на учење, развој на модули за координирано гранично управување и етика и испорака на модулите. Исто така, во 2010 година е спроведена и обука за обучувачи за имплементација на новиот Законот за кривична постапка и Кривичниот законик на тема директно и вкрстено испрашување организирана од Амбасада на САД.

Во текот на 2010 година **надграден е постојниот Систем за видео конференција** со нови уреди кои создаваат можност за вклучување на корисници на персонални компјутери без потреба од користење на специјализирани уреди. Покрај досегашните постојани видео врски на Царинарниците со Управата, создадена е можност за вклучување на Царинските испостави во системот, а со ова се овозможува и одржување на обуки преку системот, без потреба за патување на вработените и овозможува понатамошна ефикасност во работењето.

Воведени модули на Европската Комисија за царинско и деловно електронско учење (е-учење)

Преку Програмата на Европската Комисија „Царина 2013„ подготовени се курсеви за електронско учење на актуелни теми од царинското работење, утврдени од страна на Европската Комисија. Досега се изготвени курсеви за електронско учење на тема:

- Регистрација и идентификација на економските оператори (EORI),
- Единствено одобрение за поедноставена постапка (SASP),
- Овластен економски оператор (AEO),
- Преглед на контејнери,
- Контрола на прекурзори на дрога за економски оператори,
- Контрола на прекурзори на дрога за царински службеници и
- ДДВ директива




Сите горенаведени курсеви за електронско учење Царинската управа во текот на 2010 година ги преведе и ги постави на својата интернет, односно интранет страница со цел истите да бидат лесно достапни и за бизнис соработниците и за царинските службеници. Курсевите за електронско учење треба да придонесат кон подобра и поефикасна примена на царинското законодавство, како и кон хармонизирање и поедноставување на царинските постапки. Тие овозможуваат и униформна примена на законите и прописите на вкупното царинско подрачје на Република Македонија. Курсевите за електронско учење не се наменети само за царинските службеници, туку и за бизнис заедницата и за сите учесници во царинската постапка – шпедитери, увозници и извозници. Овој нов пристап во обуката и стручното оспособување овозможува постојано покривање на повеќе области од заеднички интерес за учесниците во царинските постапки. Бидејќи нивното користењето е бесплатно не се создаваат никакви дополнителни трошоци. Покрај другото, се обезбедуваат практични примери за олеснувањето на трговијата. Сите курсеви за електронско учење се достапни на интернет и интранет страната на Царинската управа.

ОБУКИ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА TAIEX НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Во 2010 година беа реализирани повеќе експертски мисии преку TAIEX инстументот на Европската Комисија. Се работеше на темите: царинската тарифа, царинската вредност (Германија), EORI - концепт за регистрација и идентификација на економските оператори (Чешка), апликација на методи во царинска лабораторија (Финска), систем за кодирање на мерките во ТАРИК (Белгија), заштита на правата на интелектуална сопственост, информација за пред заминување и предпристигнување на пратките (Скопје), конвенција за заедничка транзитна постапка, побарување на царински, даночни и акцизни давачки, запознавање со модернизираниот царински закон на ЕУ, контрола на акцизните добра (Англија), правила за потекло и надзор на пазарот.

**Во 2010 година на Царинската управа и беа одобрени 15 TAIEX мисии од страна на Европската Комисија.**

## 16. ИНТЕГРИТЕТ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

И во 2010 година Царинската управа продолжи со активностите за унапредување на системите за утврдување на ризични точки подлежни на корупција и откривање и санкционирање на дисциплински повреди и злоупотреба на службената должност.

СИСТЕМСКА ПОДДРШКА

Кон крајот на 2010 годин Царинската управа подготви ревидирана **Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа за 2011-2014 година**. Стратегијата има за цел да воспостави проактивен пристап во борбата против корупцијата, каде акцентот ќе биде ставен на превенцијата пред репресијата.

За доследно спроведување на задолженијата за сузбивање на злоупотребата на службена должност и судирот на интереси, во мај 2010 година е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за евиденција на анкетни листови**, со кое се уредува начинот, постапката, надлежностите и овластувањата за администрирање и користење на електронската евиденција на анкетните листови за имотната состојба на вработените во Царинската управа, во рамки на Интегрираниот информативен систем.

Во февруари 2010 година Царинската управа донесено ново **Упатството за внатрешниот контролен систем на Царинската управа**, со кое се уредува внатрешниот контролен систем како континуиран процес кој ги вклучува сите видови на финансиски и други контроли. Во Царинската управа активно се работи на разбирање и прифаќање на внатрешниот контролен систем од страна на раководителите на организационите единици, формално дефинирање на процесите, ризиците и контролите, подобрување на управувањето со ризиците, подобрување на контролите, за на крај да се оствари и одржи крајната цел на внатрешниот контролен систем –минимизирање на ризиците во работењето со соодветни контроли и точно, комплетно и навремено исполнување на утврдените цели и задачи. **Во 2010 година воспоставен е внатрешен контролен систем во 70 организациони единици на Царинската управа, при што се изготвени 552 пишани работни процедури.**

НАЈДОБРА ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА

Во првиот квартал од 2010 година, за најдобра гранична царинска испостава избрана е царинската испостава Табановце - автопат, Царинарница Куманово, а за најдобра внатрешна царинска испостава е избрана царинската испостава Скопје 3, Царинарница Скопје. За вториот квартал за најдобри гранични царински испостави се избрани царинскатаспостава Табановце - автопат и Табановце железничка станица, Царинарница Куманово, додека за најдобра внатрешна царинска испостава е избрана царинската испостава Куманово, Царинарница Куманово. Во третиот квартал за најдобри гранични царински испостави избрани се царинската испостава Табановце-автопат и Богородица, Царинарница Куманово и Царинарница Гевгелија, а за најдобра внатрешна царинска испостава е избрана царинската испостави Скопје 3, Царинарница Скопје. Во последниот квартал од 2010 година за најдобра гранична царинска испостава избрана е царинската испостава Богородица, Царинарница Гевгелија, а за најдобра внатрешна царинска испостава избрана е царинската испостава Скопје 1, Царинарница Скопје.

СИНДИКАЛНИ АКТИВНОСТИ

Самостојниот синдикат на Царинската управа ја продолжи традицијата на организирање на синдикални спортски игри. Во 2010 година, во Охрид, беа организирани спортски игри во седум дисциплини: мал фудбал, кошарка одбојка, стрелаштво, шах, пинг-понг и влечење на јаже. На игрите учествуваа 150 учесници. Ваквиот начин на дружење и соработка на вработените во Царинската управа, придонесува за подобрување на комуникацијата, натамошно зацврстување на соработката и тимската работа.





**Одбележани 18 години постоење, суверенитет и контрола врз царинското подрачје на Царинската управа на Република Македонија**

На 14.04.2010 година, Царинската управа на Република Македонија свечено одбележа 18 години постоење, суверенитет и контрола врз царинското подрачје на Република Македонија во присуство на високи претставници на Владата на Република Македонија, дипломатско конзуларните претставништва во Република Македонија, државни институции, деловната заедница, нивни здруженија и други соработници на Царинската управа. Беа презентирани резултатите од работењето на Царинската управа остварени во претходната година, беше изразена благодарност кон постојаните соработници и партнери на Царинската управа и беа наградени царинските службеници и испостави кои посебно се истакнаа во извршувањето на своите работни задачи. Новопримените царински службеници, пред директорот на Царинската управа, положија свечена заклетва дека ќе ги почитуваат Уставот и законите на Република Македонија и дека професионално, стручно и чесно ќе ги извршуваат своите работни обврски. На царинските работници кои навршиле 30, 20 и 10 години работен стаж во Царинската служба им беа доделени златници и сребреници.



**На свеченото одбележување му претходеше крводарителска акција на која повеќе од 100 вработени во Царинската управа, на 3 пункта низ државата, даруваа над 100 единици крв.**

Во рамки на активностите по повод Денот на Царинската управа, на 15 април 2010 година, на Економскиот факултет во Скопје претставници на Царинската управа одржаа презентација на тема„Обврските и предизвиците на Царинската служба за исполнување на стандардите за членство во ЕУ пред и по пристапувањето на Република Македонија во Европската унија" пред студенти и професори од економските и правни факултети во Македонија и претставници од Советодавното тело.

## 17. СУЗБИВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ

### ВНАТРЕШНИ ИНСПЕКЦИИ

| Организационен дел | Број на инспекции | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2009 | 2008 | 2007 | 2006 |
| Централна управа | 53 | 35 | 17 | 2 | |
| Царинарница Скопје | 14 | 8 | 9 | 10 | 16 |
| Царинарница Куманово | 5 | 4 | 2 | 1 | 1 |
| Царинарница Штип | 3 | 4 | 8 | 9 | 2 |
| Царинарница Битола | 10 | 2 | 5 | 6 | 2 |
| Царинарница Гевгелија | 1 | 5 | 5 | 5 | 1 |
| Вкупно | 86 | 58 | 46 | 33 | 22 |

Во 2010 година се извршени 86 инспекции во сите организациони единици на Царинската управа (споредено со 58 во 2009, 46 во 2008 година, 33 во 2007 година, односно 22 во 2006 година). Од приложената табела може да се види дека со извршени 53 инспекции, во 2010 година е посветено посебно внимание на регуларноста на работењето во Централната управа, споредено со 2009 година со извршени 35 инспекции,

2008 година кога се извршени 17 инспекции, а посебно 2007 година кога во Централната управа се извршени само 2 инспекции. Врз основа на наодите од извршените инспекции, се продолжува со внатрешни истраги за испитување постоење дисциплинска одговорност, како и со преземање истражни мерки и истраги против сторители на царински прекршочни и кривични дела.

## ВНАТРЕШНИ ИСТРАГИ

Во текот на 2010 година до Секторот за професионална одговорност, од страна на Одделението за координација и комуникација беа доставени 142 поплаки добиени преку отворената царинска телефонска линија (197). Од вкупно поднесените поплаки, во 16 случаи беа спроведени внатрешни истраги и изготвени конечни извештаи во врска со истите, додека пак во 66 случаи, откако беа преземени активности за утврдување на вистинитоста на наводите изнесени во јавувањата, беше утврдено дека се неосновани. Останатите 60 поплаки беа разгледани, меѓутоа по однос на истите не можеше да се постапува од причина што истите не содржеа проверливи податоци за сторено кривично дело од вработен, за коруптивно однесување на вработен или за сериозно кршење на правилата за ред и дисциплина.

| **Организационен дел** | **Број на истраги** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2009** | **2008** | **2007** | **2006** |
| Царинска упрва | 65 | 44 | 20 | | |
| Царинарница Скопје | 18 | 24 | 33 | 65 | 23 |
| Царинарница Куманово | 15 | 24 | 22 | 29 | 17 |
| Царинарница Штип | 3 | 11 | 18 | 57 | 7 |
| Царинарница Гевгелија | 6 | 12 | 22 | 62 | 10 |
| Царинарница Битола | 5 | 12 | 25 | 27 | 14 |
| **Вкупно** | **112** | **127** | **140** | **240** | **71** |

Во 2010 година се спроведени 112 внатрешни истраги (споредено со 127 во 2009, 140 во 2008, 240 во 2007 година, а 71 во 2006 година), при што, во 27 случаи се констатирани дисциплински повреди и нерегуларности (спредено со 52 во 2009 година, 70 во 2008 година, 87 во 2007 (година). За разлика од 2007 и 2006 година кога во Централна управа не е извршена ниту една внатрешна истрага, во 2009 година се извршени 44, а во 2008 година се извршени 20 истраги, додека во 2010 година во Централната управа се извршени дури 65 внатрешни истраги.

## ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ

Во изминатата 2010 година по добиени предлози за покренување на постапки за утврдување на одговорност за кршење на работен ред и дисциплина се покренати 21 дисциплинска постапка (99 во 2009 година). Во истата година изречени се 10 одлуки за престанок на работен однос со отказ, 16 одлуки за запирање на постапката заради неутврдена одговорност или застареност, 13 одлуки за парични казни во висина од 15% од последната месечна плата во траење од еден до шест месеци и едно писмено предупредување. Заради покажани незадоволителни резултати во работењето од страна на царинските службеници донесени се 85 решенија за намалување на платата во висина од 15% за тековниот месец.

Во 2010 година е изречено едно суспендирање на царински службеник поради сторени кривични дела поврзани со вршење на службените должности (16 во 2009).

## КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ

Во 2010 година од страна на Царинската управа се поднесени 5 кривични пријави против 4 царински службеници и тоа: една кривична пријава против еден поранешен вработен во Царинската управа за давање на лажна изјава, една кривична пријава против еден царински службеник за несовесно работење во службата, 3 кривични пријави против еден вработен и еден поранешен вработен во Царинската управа за помагање во извршување на криумчарење.

Во истиот период во соработка со Министерството за внатрешни работи поднесена е 1 кривична пријава за сторено кривично дело злоупотреба на службената положба со комјутерска измама и една кривична пријава против царински службеник за проневера. Во август месец годинава со примена на посебни истражни мерки поднесена е кривична пријава за сторено кривично дело примање поткуп против царинска службеничка. Во соработка со Управата за финансиска полиција е поднесена 1 кривична пријава против 3 царински службеници за злоупотреба на службената положба. Со преземени предистражни активности а во соработка Одделението за организиран криминал при МВР и Управата за финансиска полиција изготвена е 1 кривична пријава против 4 лица од кои 1 царински службеник за помагање во криумчарење и злоупотреба на службена положба.

Од вкупните 216 евидентирани кривични предмети против 182 царински службеник (поранешни и сегашни), заклучно со месец декември 2010 година донесени се 81 првостепени осудителни пресуди од кои 57 се правосилни, 24 се наоѓаат во постапка пред Апелационите судови. Врховниот суд во 24 случаи ги вратил предметите во повторна постапка, кои се со старост од 3 до 7 години. Кај основните судови во постапка на расправа се наоѓаат 20 предмети. Кривични предмети против 27 лица се сеуште во фаза на судска истрага, а против 17 лица предметите се во фаза на покренување обвинителен акт. За поднесените крични пријави против поранешни и сегашни царински службеници во 47 предмети Царинската управа нема информација во која фаза од кривичната постапка се наоѓаат.

# IV. АДМИНИСТРАТИВНИ ПОСТАПКИ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

И во текот на 2010 година Царинската управа продолжи да работи на натамошно унапредување на административните и логостичките системи, посебно во областа на зголемување на ефикасноста во спроведувањето на административните постапки и административното работење, зголемување на ефикасноста и надзорот во управувањето со финансиските ресурси, како и унапредување на управувањето со нефинансиските и други ресурси на Царинската управа.

## 18. АДМИНИСТРАТИВНИ ПОСТАПКИ И ПРОЦЕДУРИ

Добрата организација на административното работење обезбедува благовремено и квалитетно давање услуги на граѓаните, компаниите и други корисници, како и поефикасно извршување на обврските и задачите на Царинската управа со сите области.

### ВОВЕДЕН ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ - EDMS[3]

После извршеното тестирање и паралено работење во хартиен и електронски амбиент, **од 01.01.2010 година во Царинската управа стана задолжителна употребата на Електронскиот систем за управување со документи - EDMS.** EDMS опфаќа архивирање и обработка на електронски документи и електронски копии на хартиени документи, циркулирање на електронски документи и електронски потпис, електронско следење на статусот на документите од аспект на подготовка, дистрибуција, движење, архивирање, локација, автентичност, безбедност и историја. EDMS опфаќа над 170 идентификувани и опишани работни процеси, утврдува максимални рокови за завршување на работните процеси, идентификува врски помеѓу работните процеси, стандардни типови на документи и електронско потпишување на документите. EDMS овозможува централизирано прифаќање на електронски и хартиени документи, автентични авторизирани копии на хартиени документи, централизирана физичка и логичка архива, авторизација и безбедност на документите на ниво на поединечен документ, организациона единица, групи на корисници/функционалности/ привилегии и работни процеси, електронско пребарување и следење на документите, скенирање, класифицирање, означување, снимање, примање и испраќање на влезна, излезна и интерна пошта, назначување надлежности за документите по извршител и организациона единица, фази на работните процеси, како и електронска размена на документи со надворешни соработници. Функционирањето на EDMS е уредено со следните акти донесени од страна на Царинската управа:

- Во јануари 2010 година е донесено **Упатство за работа со електронскиот систем за управување со документи**, со кое се уредува начинот на работа и движење на документите во организационите единици на Царинската управа преку EDMS), доставување на оригиналните документи до организационите единици, како и обврските и надлежностите на вработените во Царинската управа;
- Во јануари 2010 година е донесен **Прирачник за интерна комуникација помеѓу организационите единици во EDMS**, со кое се уредува хоризонатлната и вертикална комуникација на електронските документи помеѓу организационите единици на Царинската управа;
- Во јануари 2010 година е донесено **Корисничко упатство за електронско потпишување на документи во EDMS**;
- Во јануари 2010 година се донесени **Правила за работа на EDMS helpdesk** кој има за цел давање техничка помош и совети на крајните кроисници за отстранување на тековни проблеми во функционирањето на EDMS, како и давање насоки и преземање мерки за унапредување на EDMS;
- Во јануари 2010 година е донесено **Администраторско упатство за поднесување на можностите за автоматски нотификации во EDMS** и тоа: е_меил известување на вработени при доделување на предмет, е_меил известување на раководители при промена на фаза на предмет и SMS известувања за странки;
- Во јануари 2010 година е донесено **Корисничко упатство за работа со EDMS за корисници на Web клиент** (EDMS е Web апликација);
- Во јануари 2010 година е донесено **Корисничко упатство за промена на лозинка на WEB страницата на Царинската управа**, за користење на EDMS;
- Во јануари 2010 година е **донесено Корисничко упатство за Web скенирање на документи**, алатката за Web скенирање наменета за скенирање на хартиени верзии од документацијата преку користење на Web верзијата на EDMS, достапна на сите корисници на EDMS;
- Во јануари 2010 година е донесено **Упатство за обработка на документи од вид фактури во EDMS**;
- Во август 2010 година е донесено **Корисничко упатство за евиденција на управни предмети во ЕДМС**, со кое се уредува евидентирањето во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка (образец УП1);
- Во август 2010 година е донесено **Упатство за пребарување на интерни акти, меѓународни царински термини и дефиниции во ЕДМС**, со кое се опишува начинот на пребарување на интерни акти донесени од страна на Царинската управа, како и меѓународни царински термини и дефиниции;

[3] Electronic Document Management System

- Во ноември 2010 година е донесено **Упатство за работа со активна, пасивна и трајна база на податоци во ЕДМС**, кое овозможува полесно и брзо совладување на функционалностите и постапките при работа со трите бази во системот.

### УРЕДЕНА РАБОТАТА СО ПЕЧАТИТЕ И ШТЕМБИЛИТЕ

Во октомври 2010 година Царинската управа донесен **Упатство за печатите и штембилите на Царинската управа**, со кое се уредува, формата, големината, содржината, набавката, евиденцијата, начинот на чување, употребата и уништување на печатите и штембилите кои се користат во вршењето на работите од своите надлежности утврдени со закон.

### УРЕДЕН НАЧИНОТ НА ПОДГОТОВКА НА ИНТЕРНИ АКТИ

Во јуни 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за подготовка на акти во Царинска управа**, со кое се утврдуваат видовите на акти кои се изготвуваат во Царинска управа, надлежноста за нивно подготвување, начинот на подготовка на актите, формата и техниката на подготвување, контрола на интерните акти, нивното прилагодување, измена, дополнување, ревидирање или укинување.

### УРЕДЕН НАЧИНОТ НА НАПЛАТА НА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

Во август 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот на наплата на административни такси во Царинската управа**, со кое се уредува постапувањето со поднесоците на кои се наплатува административна такса, видовите администартивни такси кои се наплатуваат во Царинската управа, контролата, потврдување на наплатата, враќање на повеќе платени административни такси, надлежности и рокови за постапување.

## 19. БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА

- Во септември 2010 година е Донесено е **Упатство за прием на странки во Царинската управа**, со кое се уредува начинот на прием и легитимирање на лица кои не се вработени или немаат регулиран престој во деловните објекти на Царинската управа;
- Во ноември 2010 година е донесено **Упатство за обезбедување имот и лица во Царинската управа**, со кое се уредува начинот на обезбедување на имотот и лицата во просториите на Царинската управа;
- Во декември 2010 година е донесено **Упатство за заштита и постапување во случај на пожар**, со кое се уредува превентивното делување за заштита од појава на пожар и начинот на постапување во случај на појава на пожар во објектите, дворните површини, граничните премини, царинските терминали, магацините и останатиот работен простор со кој управува Царинската управа;
- Во септември 2010 година донесено е **Упатство за начинот на мерење на колска вага**, со кое се уредува начинот и постапката за вршење мерење на колска вага на граничните премини и царинските терминали. Истиот месец е донесено и **Упатство за наплата на надоместок за престој на царински терминал**, со кое се уредува начинот и постапката за вршење наплата на услуга за престој во царински терминали управувани од Царинската управа, а во октомври 2010 е донесено **Упатство за затворање влез во царински терминал со алтернативни докази** и дополнување на Упатство за наплата на надоместок за престој на царински терминал. Со оваа упатство за апликацијата вагање и наплата на терминалска такса, како дел од софтверот Border, се дополнува со затворање на влез на возила со алтернативни докази. Алтернативните докази се потврда на оправдани објективни причини со кои се врши одјавување на неодјавени возила при излез од царински терминал;
- Во ноември 2010 година е донесено **Упатство за постапување по направена штета од возила на граничен премин или царински терминал**, со кое се уредува постапката за пријавување на оштетувања, направени од возила, врз објектите и опремата на граничен премин или царински терминал чии сопственик или корисник е Царинската управа;
- Во февруари 2010 година е донесено **ново Упатство за работното време во Царинската управа**, со кое се уредува работното време во Царинската управа, прекувремената работа, паузата во текот на денот, отсуства за време на работното време, начинот и постапката за евидентирање на времето поминато на работа, отстапување од полното работно време, контролата на работното време, начинот на регистрирање на времето поминато на работа, како и пристапот до и во просториите на Царинската управа од вработените и надворешни лица.

## 20. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ФИНАНСИСКИТЕ РЕСУРСИ

Добро организираното управување со финансиските ресурси овозможува најцелисходно користење на финансиисте за приоритетните потреби за остварување на целите и задачите на Царинската управа. Во 2010 година Царинската управа ги спроведе следните напредувања во оваа област.

### УРЕДЕНО ФИНАНСИСКО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ СО ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКАТА ПОДДРШКА

Во текот на 2010 година е уредено користењето на информатичките системи за материјално и финансиско работење во сите области:

- Во април 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за работа со софтверот за материјално и финансиско работење**

**- ERP**[4], воведен во рамки на Интегрираниот информативен систем – ИИС. Со ова Упатство се уредуваат работа, надлежностите и обврските на организационите единици и вработените во Царинската управа при користењето на ERP. Секторот за сметководство и финансии го користи ERP во областа на финансиското работење, а Секторот за административно технички во областа на материјалното работење, освен модулот за евиденција на лабораториски материјали кој го користи Секторот за царински ситем;

- Системот за подготовка и реализација на буџетот е доуреден со **Корисничко упатство за работа со софтверот за буџетирање**, донесено во април 2010 година, кој софтвер обезбедува електронска поддршка на подготовката и извршувањето на буџетот на Царинската управа;
- Истиот месец е донесено и **Корисничко упатство за работа со софтверот за пресметка на плати**, кој служи за автоматска обработка на платите;
- Сметководственото евидентирање на побарувањата, обврските, приходите и расходите е поддржано и уредено со **Корисничко упатство за софтвер за планирање на ресурси во институцијата - Модул за финансова оператива**, донесено во јуни 2010 година;
- Управувањето со јавните набавки е дополнително унапредено со **Корисничко упатство за софтвер за планирање на ресурси во институцијата - Модул за план за јавни набавки**, донесено во јуни 2010 година, со кое се уредува евидентирањето на донесениот план за јавни набавки, негови измени, дополнувања и реализација;
- Евидентирањето, пресметката и исплатата на трошоците за службените патувања на вработените, во земјата и странство, е информатички поддржано и уредено со **Корисничко упатство за работа со софтвер за патни налози**, донесено во мај 2010 година;
- Со цел усогласување со EDMS, Царинската управа во март 2010 година донесе измени на **Упатството за ликвидирање на сметководствени документи**.

### НАТАМОШНО НАДГРАДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА КОНТРОЛА НА ТРОШОЦИТЕ

Во април 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за користење на буџетски средства за репрезентација**, со кое се уредуваат правата и обврските при користење буџетски средства за оваа намена. Во мај 2010 година е донесено **Упатство за начинот и постапката за задржување на средства од платата на вработените**, со кое се уредува начинот на пресметка и задржување од платата на вработените врз основа на правосилни извршни акти. Донесено е **Упатство за користење на системот за контрола и лимит на фиксни телефони**, со кој се унапредува контролата и се намалуваат трошоците за услуги на фиксната телефонија; Системот за контрола и лимит на фиксните телефони во Централна управа е составен од сервис за преземање на податоците од телефонската централа, сервис за дистрибуција на податоците од телефонската централа до базата на податоци и апликација за преглед и контрола на добиените податоци од телефонската централа.

### НАТАМОШНО НАДГРАДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА КОНТРОЛА НА ПРИХОДИТЕ

Царинската управа постојано работи на јакнење и унапредување на системите за конттрола на наплатата на приходите, при што, во 2010 година ги реализираше следните мерки:

- Во мај 2010 година е донесено **Упатство за постапување со уплати на евидентната сметка на Царинската управа**, со кое се уредува администрирањето на прометот и состојбата на уплатите на име увозни давачки;
- Во мај 2010 година е донесено **Упатство за начинот на задолжување и раздолжување на транзитни банкарски гаранции,** со кое се уредува администирањето на прометот и состојба на општите банкарски гаранции со кои се обезбедува царински долг;
- Во февруари 2010 година е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за фактурирање на закупнини** во рамки на EDMS, со кое се уредува фактурирањето на закупнини за издаден деловен простор на граничните премини за патен сообраќај.

### СМЕТКОВОДСТВЕНА ЕВИДЕНЦИЈА

Со цел обезбедување целосно и еднобразно евидентирање на средства и обврските, во мај 2010 година се донесени **Сметководствени правила за евидентирање на залихи во Царинската управа**, со кои се уредува начинот на евидентирање на залихите во Царинската управа, односно операциите и дејствијата што се вршат во електронскиот систем за материјална и финансиска евиденција. Истовремено, донесени се и **Сметководствени правила за евидентирање донации**, начинот за сметководствено евидентирање на донациите во материјална и финансиска форма, со кои се уредува начинот и постапката на остварување и примање на донации и нивното сметководствено евидентирање, како и начинот на вршење на контрола на нивното користење.

## 21. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО НЕФИНАНСИСКИТЕ РЕСУРСИ

Во насока на натамошно унапредување на користењето и надзорот на нефинансиските ресурси, во 2010 година се реализирани следните активности:



[4] ERP – Enterprise Resource Planning

- Во мај 2010 година е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за попис на основни средства**, со кое се уредува администрирањето и користењето на овој софтвер. Истиот месец е донесено и **Корисничко упатство за софтвер за евиденција на основни средства**, со кое се пропишува евидентирањето на основните средства и задолжувањето на истите по вработен и по локација;
- Во февруари 2010 година е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за евиденцијата на лабараториските материјали** во рамки на ERP софтверот;
- Во февруари 2010 година е донесено **Корисничко упатство за работа со софтверот за евиденција на запленета стока**, во рамки на ERP, со кое се уредува постапувањето со привремено задржана, одстапена во корист на државата и дефинитвно одземена стока. Во јуни 2010 година е донесено ново **Упатство за начинот на постапување со одземени и стоки отстапени во корист на државата**, со кое се утврдува начинот на постапување со привремено и конечно одземени стоки и стоки отстапени во корист на државата во управна постапка според одредбите на Царинскиот закон, нивното евидентирање, сместување и чување, предавање, продажба и распределба на паричните средства остварени со продажбата, надлежностите и одговорностите во Царинската управа, како и начинот на постапување со стоки кои привремено се одземаат во прекршочна или кривична постапка или поради повреда на право од интелектуална сопственост;
- За оптимализација на користењето и управувањето со информациската технологија, заштитата на податоците, ефективно, ефикасно и сигурно работење на ИКТ системите и техничките инфраструктури кои ги подржуваат во јуни 2010 година донесеено е **Упатство за постапување со ИКТ системите од аспект на ИКТ безбедност**.

## ИЗГРАДБА НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН БЛАЦЕ (МАКЕДОНСКО-КОСОВСКА ГРАНИЦА)

Во јуни 2010 година започна изградбата на граничниот премин Блаце – патнички дел на македонско-косовската граница. Проектот е финансиран со кредит од Светската банка во рамки на Вториот проект за забрзување на транспорт и трговијата. Новиот премин, кој ќе овозможи побрз проток на возила и патници, ќе биде во функција за 14 месеци.

## СКЛУЧЕН ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЦАРИНСКАТА УПРАВА И АЕРОДРОМСКИОТ ОПЕРАТОР ТАВ МАКЕДОНИЈА

Царинската управа и аеродромскиот оператор ТАВ Македонија на 25.02.2010 година склучија Договор за соработка врз основа на договорот за концесија помеѓу Владата на Република Македонија и аеродромскиот оператор во кој се дефинирани условите за развој, финансирање, користење и одржување на Аеродромите „Александар Велики" Скопје, „Св.Апостол Павле" Охрид и изградба на Карго Аеродромот во Штип. Со договорот се утврдуваат меѓусебни права и обврски во поглед на спроведувањето на царинските прописи, делокругот на соработка, координација и заедничко дејствување со цел олеснување и забрзување на движењето на стоки и патници и ефикасно користење на расположивите материјални, технички и човечки ресурси, како и минималните услови и начинот на определување на работниот простор на царинските органи.

Во 2010 година Царинската управа ја интензивираше меѓународната и меѓуинституционалната соработка, чија цел е унапредување на соработака и размена на искуства и знаења со цел натамошно јакнење на капацитетите за остварување на целите, на национално, регионално и светско ниво.

# V. МЕЃУНАРОДНА И МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

## 22. ВО ОХРИД Е ОДРЖАНА ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА 2010 ГОДИНА НА ЕВРОПСКИОТ РЕГИОН НА СЦО



На 15 и 16 март 2010 година **во Охрид се одржа редовна годишна конференција на Европскиот регион на СЦО** во копретседателство на царината на Луксембург. Присуствуваа 45 делегации на царински служби (од вкупно 51 земји членки), Европската Комисија и СЦО, предводена од генералниот секретар, г-дин Кунио Микурија, три раководители на RILO. Главни теми на дискусија беа јакнењето на борбата против фалсификатите и пиратеријата, имплементацијата на стандардите на СЦО за поддршка на трговијата и јакнење на безбедноста и сигурноста, координираното управување со границите и развојот на едношалтерски систем при едно застанување и потребата од ангажирање на царински експерти во регионалните тренинг центри. На конференцијата беше дадена поддршка на развојот на управувањето со ризик наспроти 100% скенирање и на предлогот на царинската служба на Украина за формирање регионален тренинг центар на СЦО.

## 23. ВО СКОПЈЕ ОДРЖАН ВТОРИОТ СОСТАНОК НА РЕГИОНАЛНИТЕ ТРЕНИНГ ЦЕНТРИ (РТЦ) НА СЦО – ЕВРОПСКИ РЕГИОН

На 18 и 19 мај 2010 година во Регионалниот тренинг центар во Скопје се одржа вториот состанок на РТЦ на СЦО Европски регион, на кој покрај претставници на РТЦ–Скопје, учествуваа претставници на РТЦ од Унгарија, Русија, Украина и Азербејџан, како и претставници на Секретаријатот на СЦО и на Царинската управа на Луксембург, како тогашен претседавач на Европскиот регион. На состанокот беше донесен планот за обуки на ниво на РТЦ за периодот 2010 - 2011, насоки за формирање на нова платформа за учење во рамките на РТЦ, како и можностите за поголема употреба на модулите за електронско учење.

## 24. МЕЃУНАРОДНА БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКАТА

Во март 2010 година Царинската управа на Република Македонија и Царинската и даночната управа на Холандија јавно го промовираа новиот договор за техничка соработка за периодот 2010 – 2014 година. Согласно договорот, Царинската и даночната управа на Холандија ќе и обезбеди екпертиза на Царинската управа на Република Македонија за натамошно зајакнување на капацитетите во областа на надзорот над трговски друштва, царинските постапки со економски ефект и овластен економски оператор, заштита на правата од интелектуална сопственост, царинска лабораторија, соработката со УЈП, унапредување на системот за управување со човечки ресурси, воведување систем на компетенции и менување на работната култура и јакнење на комуникациските и менаџерските способности.



На 19-ти ноември 2010 година во Скопје, Царинската управа оствари средба со делегација на царинската управава и Република Албанија, на ниво на директори, на која беа разгледани можностите за унапредување на меѓусебната соработка, со посебен акцент на воспоставувањето на електронска размена на податоци за транзит помеѓу двете царински служби.

На 29 јануари 2010 година на граничниот премин Ѓуешево се одржа состанок на делегации на Царинските управи на Република Македонија и на Република Бугарија. Цел на состанокот беше договарање на активности за унапредување на билатералната соработка за забрзување на протокот на стока и патници на граничните премини, за поефикасно спречување и откривање на недозволената трговија и прекуграничниот криминал, како и за унапредување на соработката во други области.



На 05.03.2010 година во Приштина беше одржан состанок на делегации на царинските управи на Република Македонија и на Република Косово, предводени од генералните директори, кој имаше за цел унапредување на взаемната соработка за прашања од областа на царинското работење, користење на граничниот премин „Глобочица" за промет со комерцијална стока. На 01.10.2010 година двете страни потпиша Договор за усогласен сет на податоци кои ќе се раменуваат електронски преку SEED, со чија имплементација се воведуваат повисоки стандарди за царинска контрола и забрзување и олеснување на протокот на стоки на граничните премини.

На 19.02.2010 година на граничниот премин Табановце се одржа заеднички состанок на Извршниот комитет на македонско-српскиот деловен совет на Стопанските комори, со претставници на Царинските управи, инспекциските органи и економските оператори

од Република Македонија и Република Србија. На состанокот беше истакната улогата на царинските органи во олеснувањето на взаемната трговија преку поедноставување на царинските формалности и воведувањето на електронско царинско работење.

За време на Годишното собрание на СЦО, одржано во јуни 2010 година, Царинската управа на Република Македонија потпиша Меморандум за соработка со СЦО и Царинската управа на Маурициус, според кој Царинската управа на Република Македонија ќе обезбедува стручна помош за воспоставување и развој на национален едношалтерски систем во Маурициус, што претставува афирмација на високите дострели на нашата држава во царинското работење. Меморандумот го потпишаа Генералниот секретар на СЦО и директорите на царинските управи на двете држави. За време на Годишното собрание на СЦО, Царинската управа на Република Македонија и Државниот царински комитет на Азербејџан потпишаа Договор за соработка на полето на професионално усовршување на царинските службеници, со кој се предвидува воспоставување на соработка на РТЦ на СЦО во Скопје и Баку и продлабочување на билатералната соработка помеѓу двете царински служби.

На 10.03. 2010 година Царинската управа и консултантската куќа Crown Agents склучија нов 12 - месечен некомерцијален договор за соработка. Овој договор ги покрива областите на натамошен развој на разузнавањето и анализата на ризикот, а обезбедува и правна рамка за учество на вработени од Царинската управа во проекти на оваа консултантска куќа во странство.

## 25. МЕЃУНАРОДНА МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

На 19 и 20 јули 2010 година во Венеција се одржа Форум на царинските администрации од регионот на Западен Балкан и Турција . Форумот имаше за цел утврдување на најефикасните стратегии за засилена регионална соработка и соработка помеѓу Западен Балкан и Турција.

Во ноември 2010 година започна со реализација регионален проект за хармонизирана процена на административниот капацитет на царинските и даночните управи од земјите од Западен Балкан и Турција, во споредба со царинските упатства донесени од страна на Европската Комисија. Проектот е финансиран преку ИПА фондовите од ЕУ.

Во октомври 2010 година во Истанбул, во рамки на четвртиот Светски царински форум организиран од страна на СЦО, под име „Глобално поврзување помеѓу царината и приватниот сектор", на кој присуствуваа повеќе од 400 претставници на приватниот сектор, директори на царини и видни академици, Царинската управа на Република Македонија го презентираше стратешкиот приод во градењето на партнерство и соработка со бизнис заедницата преку работата на Советодавното тело.

Во ноември 2010 година, во рамки на Петтата конференција на Програмата на СЦО за партнерство во царинското академско истражување и развој на Светската царинска организација (PICARD – Partnership in Customs Academic Research and Development) во Абу Даби, Царинската управа на Република Македонија го презентираше концептот за јакнење на институционалниот капацитет на Царинската управа, базиран на 3 столба: воспоставување механизми за задржување на знаењето и зголемување на институционалната меморија, воспоставување механизми за интерна самоконтрола и воспоставување механизми за постојан развој.

## 26. СОРАБОТКА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА

Царинската управа и во 2010 година продолжи да ја продлабочува соработката со бизнис заедница и да го негува партнерскиот однос. Покрај одржаните билатерални средби, конференции и презентации, главната форма на соработка се одвиваше преку работата на Советодавното тело, кое го сочинуваат 4 стопански комори, здружение на превозници, здружение на меѓународни шпедитери, асоцијација на македонски компании за меѓународен патен сообраќај и Царинската управа. Советодавното тело одржува најмалку еден состанок месечно, а во негова организација се одржани и повеќе конференции и обуки. Соработката во рамки на Советодавното тело резултираше со донесување на измени во регулативата и организацијата на работа на Царинската управа.





Во соработка со Советодавното тело, низ разни градови во Република Македонија беа организиран повеќе работилници со деловната заедница на актуелни теми од царинското работење. Истите беа масовно посетени од економските оператори, кои активно учествуваа на работилниците. Во соработка со Стопанкста комора на Македонија, Царинската управа организираше работилница со која беа опфатени темите: потекло на стоките во регионот на ЦЕФТА, презентација на модулите за царинско и деловно електронско учење (e- Learning), поедноставени постапки во

царинското работење и АТА карнет – улога, предности, одговорности и права. Работилниците беа организирани во Штип, Битола, Куманово, Струмица и Богданци. Во соработка со АМЕРИТ одржани се работилници во: Охрид, Штип, Куманово, Гевѓелија, Битола и Струмица. Теми на работилниците беа: апликација за електронско поднесување на барања за одобрување на постапки со економски ефект, апликација за електронско поднесување на разни барања преку надворешен портал во EDMS, поедноставени постапки и концептот Овластен економски оператор и споредба на постојните трошоци и економската оправданост на ТИР Карнетот при преминот на Албанија и Грција во правец на Италија.

По повод една година од работењето на Советодавното тело, во февруари 2010 година се одржа свечена седница со присуство на стопанственици и претставници на медиумите. На седницата беа презентирани постигнатите резултати од воспоставеното партнерство помеѓу царината и бизнис заедницата во насока на олеснување на трговијата и транспортот. Седницата беше збогатена со доделување на пофалници од СЦО по повод 26 Јануари меѓународниот ден на СЦО - на членови на Советодавното тело, за исклучителениот придонес во спроведувањето, подобрувањето и зајакнувањето на партнерството царинабизнис, согласно препораките на СЦО. Пофалниците, потпишани од Генералниот секретар на Светската царинска организација Г- дин Кунио Микурија – беа доделени на Стопанската комора на Република Македонија, Сојузот на стопански комори на Република Македонија, СИЗ „ Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ, Асоцијацијата на независните синдикати на камионските транспортери МАКАМТРАНС, како и на шест цариници.

## 27. ДОНАТОРСКИ КООРДИНАТИВНИ СОСТАНОЦИ

Во јуни и декември 2010 година во просториите на Царинската управа се одржаа донаторски координативни состаноци во областа на царинското работење, како продолжение на воспоставена пракса на редовни средби со заинтересираните донатори, со цел странската помош да биде добро координирана и постојано да се надополнува, во интерес на Царинската управа и пошироката општествена заедница.

## 28. ЛЕТНИ ПРАКСИ ЗА СТУДЕНТИТЕ

Продолжува соработката на Царинската управа со образовните институции во Република Македонија преку организација и одржување на редовните летни пракси наменети за средношколци и студенти. Во 2010 година, на праксите организирани од Царинската управа учествуваа вкупно 55 студенти и ученици од: Факултетот за угостителство и туризам Охрид, Економски факултет при Универзитет Свети Кирил и Методиј од Скопје, Факултет за безбедност при Универзитет Свети Климент Охридски Битола – насока безбедност и финансиска контрола, Бизнис Академија Смилевски – Скопје и Средно електротехничко училиште на град Скопје„Михајло Пупин“. Праксите се изведуваа во организационите единици на Царинската управа – внатрешните царински испоставИ, граничните премини, како и централната управа. Студентите и учениците практично се запознаваа со царинското работење, потпомогнати од страна на искусните царински службеници.

Царинската управа и во 2010 година продолжи да практицира максимална транспарентност и отвореност со јавноста и медиумите, со непосредна комуникација, писмени одговори и информации, но пред сè преку перманентно збогатување на интернет страницата.

# VI. ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## 29. ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Во декември 2010 година е пуштена во употреба новата интернет страница на Царинска управа www.carina.mk и www.customs.gov.mk. Во 2010 година на интернет страница на Царинската управа се објавени 524 информации на македонски, англиски и албански јазик, додека на интранет порталот се објавени 275 информации.




Интересот за интернет страницата на Царинската управа интензивно расте. Во 2010 година интернет страницата е посетена 1,7 милиони пати, што е за 45% повеќе во однос на 2009 година и за 70% повеќе во однос на 2008 година. Во 2010 година интернет страницата на Царинската управа ја посетиле 169 илјади посетители, што е за 30% повеќе во однос на 2009 година и за 58% повеќе во однос на 2008 година. Најпосетени се табовите „Вести", „Пребарување низ царинска тарифа", „Најчесто поставувани прашања" и „Закони и прописи". Од страна на корисниците испратени се 1.233 прашања, жалби и сугестии (на македонска, албанска и англиска верзија на сајтот). Одговорено е на 648 прашања, а од нив 40 се објавени во делот за одговори на најчесто поставувани прашања.

Преку форумот „Најчесто поставувани прашања", на економските оператори им е овозможено да поставуваат прашања и да добиваат одговори во врска со царински дозволеното постапување или употреба на стоката. Во употреба е и „Инфо" електронската адреса преку која економските оператори можат да се обратат до Царинската управа за било кое отворено прашање од царинското работење.

| **Месец** | **2008** | | **2009** | | **2010** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Посети** | **Посетители** | **Посети** | **Посетители** | **Посети** | **Посетители** |
| I | 95,627 | 9,593 | 120,304 | 13,586 | 142,460 | 14,212 |
| II | 77,334 | 8,794 | 93,727 | 10,629 | 171,106 | 16,487 |
| III | 80,131 | 9,070 | 97,973 | 10,686 | 205,353 | 20,407 |
| IV | 73,411 | 8,687 | 97,943 | 10,599 | 151,809 | 13,268 |
| V | 70,369 | 7,874 | 89,235 | 10,158 | 119,444 | 12,044 |
| VI | 64,750 | 7,030 | 93,944 | 10,651 | 115,066 | 11,032 |
| VII | 70,921 | 8,205 | 92,351 | 9,952 | 149,070 | 14,115 |
| VIII | 67,967 | 7,162 | 81,410 | 8,921 | 144,683 | 13,459 |
| IX | 83,118 | 9,091 | 97,337 | 10,668 | 141,143 | 13,164 |
| X | 99,368 | 10,210 | 100,526 | 10,292 | 140,736 | 14,252 |
| XI | 97,724 | 10,353 | 117,007 | 11,510 | 124,880 | 12,346 |
| XII | 105,181 | 10,797 | 110,873 | 11,393 | 125,383 | 14,017 |
| **Вкупно** | **985,901** | **106,866** | **1,192,630** | **129,045** | **1,731,133** | **168,803** |

## 30. ОТВОРЕНА ЦАРИНСКА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА 197

На отворената царинска телефонска линија (197) во 2010 година се регистрирани 35.146 повици (56.963 повици во 2009) или во просек 96 дневно, од кои 142 повици се однесуваа на непрофесионално однесување на царинските службеници и истите се проследени до Секторот за професионална одговорност, а 173 повици се информации кои се проследени на обработка до други надлежни организациони единици на Царинската управа.

## 31. ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ

Во август 2010 година е донесено **Упатство за постапување по преставки и предлози во Царинската управа**, со кое се уредува постапувањето по преставки и предлози поднесени до Царинската управа, со цел заштита и остварување на правата и интересите на поднесувачите, јавните интереси утврдени со закон, или со цел поведување на друга иницијатива од јавен интерес. Во 2010 година се примени 3 претставки и предлози и на истите е соодветно постапено.

'10

# ANNUAL REPORT

## ON THE ACTIVITIES OF THE CUSTOMS ADMINISTRATION - 2010

REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF FINANCE
CUSTOMS ADMINISTRATION

# CONTENT


**INTRODUCTION** ..... 43

**I. TRANSPORT AND TRADE FACILITATION** ..... 44

1. Accession to the Common Transit System and EU Membership ..... 44
   - European Commission IPA Funds Support ..... 44
   - Legislation ..... 44
   - Interconnection and Interoperability with the EU Information Systems ..... 45
2. Customs and Tax Facilitations ..... 45
3. Simplifying and Speeding up Customs and Tax Procedures ..... 46
   - Legal Framework ..... 46
   - E-CUSTOMS ..... 47
   - Internet Portal for Electronic Submission of Applications to the Customs Administration ..... 47
4. Excises ..... 49
5. Customs Authorisations and Licences ..... 49
6. Workload ..... 50

**II. LAW ENFORCEMENT CONTROL** ..... 51

7. Further Strengthening of the Risk Analysis Capacity ..... 51
8. Further Strengthening of the Capacities for Conducting Customs Control and Investigations ..... 52
9. Customs Laboratory ..... 53
10. Results from the Customs Supervision and Control ..... 53
    - Prevented Attempts for Smuggling and Seized Goods ..... 53
    - Prevented Illegal Trade with Narcotics and Psychotropic Substances ..... 56
    - Illegal transfer of cash ..... 56
    - Prevention of Illegal Emigration ..... 56
    - Detection of an Increased Level of Ion Radiation ..... 56
    - International Operations ..... 57
11. Intellectual Property Rights Protection ..... 57
    - Results ..... 57
12. Controls and Investigations ..... 58
    - Trade Companies Control ..... 58
    - Verification of Customs Documents ..... 59
    - Custom Offences ..... 59
    - Criminal Offences ..... 59
13. Collected Import Duties ..... 60
    - Import Duties ..... 60
    - Revenues Collected as VAT ..... 60
    - Revenue Collected as Excises ..... 61

**III. HUMAN RESOURCES** ..... 62

14. Improvement of the Human Resources Management System ..... 62
15. Training and Advancement of Expertise ..... 62

Realization of the Customs Administration Training Program 2010 ... 62
European Commission Modules for Customs and Business Electronic Learning (e-learning) Introduced ... 63
Trainings through the European Commission TAIEX Program ... 63
16. Integrity and Fight against Corruption ... 64
System Support ... 64
Best Customs Office ... 64
Union Activities ... 64
Celebration of 18 Years of Existence, Sovereignty and Control over the Customs Territory of the Customs Administration of the Republic of Macedonia ... 64
17. Repression of the Abuse of Official Duty and the Conflict of Interests ... 65
Internal Inspections ... 65
Internal Investigations ... 65
Disciplinary Procedures ... 66
Criminal Charges ... 66
**IV. ADMINISTRATIVE OPERATIONS AND LOGISTICS SUPPORT** ... 67
18. Administrative Operations and Procedures ... 67
Introduced Electronic Document Management System – EDMS ... 67
Regulated Use of Stamps and Seals ... 67
Manner of Preparing Internal Acts Regulated ... 68
Manner of Charging Administrative Fees regulated ... 68
19. Safety and Protection ... 68
20. Increase of the Financial Resources Management Efficiency ... 68
Further Upgrading of the System for Control of Expenditures ... 69
Further Upgrading of the Control of Income System ... 69
Accounting Records ... 69
21. Improving the Efficiency in the Management of Non-financial Resources ... 69
Construction of the Blace Border Crossing (on the border Macedonia-Kosovo) ... 70
Cooperation Agreement Concluded between the Customs Administration and the Airport Operator TAV Macedonia ... 70
**V. INTERNATIONAL AND INTERINSTITUTIONAL COOPERATION** ... 71
22. Annual Conference of the European Region of the WCO held in Ohrid ... 71
23. The Second Meeting of the Regional Training Centres (RTC) of WCO – European Region held in Skopje ... 71
24. International Bilateral Cooperation ... 72
25. International Multilateral Cooperation ... 73
26. Cooperation with the Business Community ... 73
27. Donor Coordination Meetings ... 74
28. Summer Practice for Students ... 74
**VI. TRANSPARENCY** ... 75
29. Customs Administration Website ... 75
30. Customs Hotline - 197 ... 76
31. Complaints and Suggestions ... 76

# INTRODUCTION

The Customs Administration of the Republic of Macedonia, like other customs administrations around the world, is responsible to protect the financial interests of the Republic of Macedonia, the safety, health and life of its citizens, to support the economical activities and to protect against unfair competition and at the same time, to contribute towards increasing the competitiveness level of Macedonian economy by means of modern working methods application, supported with easily accessible electronic customs environment.

Performing the tasks and duties related to border control and ensuring safety of the supply chain, the Customs Administration endeavours to apply the World Customs Organization Framework of Standards to Secure and Facilitate Global Trade, as well as, the Customs Blueprints of the European Commission.

